# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТЕЊЕТО НА

## АДКОМ

2017

година

2017

# ЈАНУАРИ

## Изработка на Бизнис План на АДКОМ за период 2017-2021

На почетокот на месец јануари АДКОМ работеше на изготвување на финалната верзија на бизнис планот на АДКОМ за период 2017-2021 година. Бизнис планот е изготвен со учество на голем број на членови на комисиите на АДКОМ како и членови на Управниот и Надзорниот одбор.

Развојот на петгодишниот бизнис план за АДКОМ е направен на структуриран, објективен и мерлив начин, со учество на голем број на членови на АДКОМ, и вградени насоки за сегашните и идните активности во комуналниот сектор од сите други чинители во секторот.

Специфични цели на овој документ се:

- Јасен петгодишен бизнис план за АДКОМ со јасно наведени: Визија, Мисија, Вредности, Стратешки приоритетни цели, Показатели за нивно постигнување, Мерки и активности за постигнување на показателите дефинирани во тригодишен Акциски план и соодветен Буџетски план
- постигнување на одрживост на сите активности, проекти и програми на АДКОМ, преку негова финансиска независност, овозможувајќи му на АДКОМ слободно да делува и да ги застапува интересите на своите членови.

Овој Бизнис план ќе биде предмет на ревизија секоја година, пред донесувањето на Годишниот план за наредната година.

## Понатамошен развој на DANUBIS—DCM платформата

АДКОМ во соработка со надворешните консултанти работеше на изготвување и адаптирање на DCM платформата на македонски јазик. Со поставување на македонско мени на DCM платформата вработените во ЈКП ќе бидат во можност истата да ја следат на Македонски јазик.

Во месец јануари, АДКОМ продолжи со подддршката на назначените лица од ЈКП за пополнување на податоците.Лицата работеа на пополнување на анкета за IBNet варијабили (предефинирана анкета од страна на IAWD).

**18.01.2017 год Охрид**

## Петта Седница на Надзорен Одбор на АДКОМ

Во Охрид - хотел Гранит на 18.01.2017 година се одржа петтата седница на Надзорниот Одбор на АДКОМ на која се дискутираше по основ на две точки: Разгледување на завршната сметка на АДКОМ за 2016 година и Разгледување на финансовиот план на АДКОМ за 2017 година. Членовите на Надзорниот одбор на АДКОМ едногласно го усвоија приложениот извештај и донесоа Одлука дека истиот е во ред и може да се даде на усвојување пред членовите на Управниот одбор на АДКОМ. По однос на втората точка од дневниот ред членовите на Надзорниот Одбор на АДКОМ едногласно го усвоија предлог финансовиот план за 2017 година и донесоа Одлука истиот да биде усвоен и даден на разгледување на членовите на Управниот Одбор на АДКОМ.

## 18.01.2017 Охрид 28

# Седница на Управен Одбор на АДКОМ

Дваесетиосмата седница на Управниот Одбор на АДКОМ се одржа на 18.01.2016 год. во Охрид - хотел Гранит. Членовите на У.О на АДКОМ на оваа седница дискутираа за активностите кои Извршната Канцеларија на АДКОМ ги има реализирано во период помеѓу две седници на У.О на АДКОМ. На седницата беше разгледувана завршната сметка на АДКОМ за изминатата 2016 година која беше едногласно усвоена како и финансов план на АДКОМ за 2017 година. Членовите на У.О на АДКОМ ја задолжија стручната служба на АДКОМ во текот на месец Јануари да реализира состаноци со членовите на комисиите во состав на АДКОМ, од кои ќе произлезат наредните активности за тековната 2017година.

## 18.01.2017 Охрид

# Годишно Собрание на АДКОМ

Годишното Собрание на АДКОМ се одржа на 18.01.2017 год, во Охрид- Хотел Гранит. На седницата присуствуваа делегатите на собранието на АДКОМ, членки на АДКОМ, како и претставници од останати ЈКП во Р.М и други гости. На присутните на седницата на Годишното собрание им се обрати Претседателот на АДКОМ Г-дин Спасовски кој ги поздрави присутните и ја отвори седницата на Годишното Собрание ставајќи го на гласање предложениот дневен ред: Избор на работно претседателство и верификациона комисија за оверување на записник од Собрание, Обраќање на Претседателот на АДКОМ за работата на У.О во 2016 година, извештај за работата на АДКОМ, завршна сметка на АДКОМ за 2016 година, претставување на бизнис планот на АДКОМ, предлог програма за работа со акционен план и финансов план на АДКОМ за 2017 година, обраќање на претседатели на комисиите на АДКОМ, предлози и сугестии од страна на делегатите за активностите на АДКОМ во 2017год, дискусија и размена на искутва помеѓу учесниците за актуелните проблеми со кои се соочуваат ЈКП и обраќање од страна на донаторите. Претседателот на АДКОМ Г-дин Спасовски како Претседател на Управниот Одбор на АДКОМ пред присутните делегати даде извештај за работењето на У.О во текот на 2016 година и во своето обраќање пред присутните истакна дека како претседател на АДКОМ смета дека за одржување на успешноста на асоцијацијата вработените во АДКОМ со членовите на Управниот и Надзорниот одбор вложуваа многу сила, знаење и искуство, постојано имајќи на ум дека како задржение треба да се насочуваат кон активностите и работењето на членките. На седницата на Собранието пред присутните се обрати и Државниот Секретар на Министерството за животна средина и просторно планирање Г-ѓа Соња Лепиткова.

Согласно дневниот ред од седницата на Собранието беше претставен извештајот за работата на АДКОМ со завршната сметка за 2016 година од страна на Претседателот на Надзорниот Одбор на АДКОМ Г-ѓа Лазова и истите беа едногласно усвоени. Извршниот Директор на АДКОМ ја престави пред присутните предлог програмата за работа со акциониот план и финансовиот план на АДКОМ за 2017 година. Г-ѓа Стојановска ги извести присутните дека до крајот на месец февруари членовите на сите комисии во состав на АДКОМ ќе одржат состаноци на кои ќе се дискутира согласно програмата за работа за тековната 2017 година. На седницата на Собранието на АДКОМ пред присутните свое обраќање имаше консултантот од проектот на ЕПТИСА - Реформи во системот на водоснабдување,собирање и прочистување на урбаните отпадни води на локално ниво Г-дин Паунковски.

## 24.01.2017

# Испратена Иницијатива до Уставниот Суд на Р.М

Во името на членките на АДКОМ до Уставниот Суд на Р. Македонија беше испратена Иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставност на Законот за нотаријат и законот за извршување. Целта на испраќањето на оваа иницијатива произлезе од новите закони кои го отежнуваат работењето на јавните комунални претпријатија и другите претпријатија кои вршат дејност од јавен интерес во делот на зголемување на трошоците при постапките, особено заради воведување на вонсудска наплата на долг по основ на веродостојна исправа.

## 25.01.2017

## Скопје Работен состанок со НИРАС

Во извршната канцеларија на АДКОМ на 25.01.2017 година се одржа работна средба со претставници од проектот Нирас - Реформа на секторот води на централно ново.На работната средбата беше присутен тим лидерот на проектот Г-дин Wollf и консултантот Г-дин Поповски.На средбата Извршниот Директор на АДКОМ Г-ѓа Стојановска ги претстави планираните активности на АДКОМ за следниот период.

Претставниците на проектот исто така ги наведоа своите активности за кои истакнаа дека навремено ќе бидеме известувани за сите активности кои планира проектот да ги реализира со ЈКП.

## 26.01.2017 Скопје

## Состанок на проектот Реформи во системот на водоснабдување, собирање и прочистување на урбаните отпадни води на локално ниво

Во Скопје на 26.01.2017 година во Скопје - ЕУ инфо центарот во организација на проектот на Ептиса :Реформи во системот на водоснабдување,собирање и прочистување на урбаните отпадни води на локално ниво, се одржа еднодневна работилница со цел да се поддржат ЈКП од единесет градови на кои ќе им бидат изготвени нацрт годишни бизнис планови како и нацрт планови за прилагодување на тарифите.Фокусот беше ставен на предвидувања во делот на поставување на цели и ткрајни вредности за реализација, дефинирање на мерките, инвестиции и утврдување на влијанието на тарифите и организационите импликации. На работилницата присуствуваа претставници од единаесет ЈКП кои се дел од овој проект како и вработените во Извршната канцеларија на АДКОМ.

## 27.01.2017 Скопје

## Состанок на проектот Јакнење на административните капацитети за спроведување на Рамковната директива за отпад (РДО) и директивите за посебните текови на отпад (ДОЕЕ, ДОБА, ДОП)

Претседателот на АДКОМ Г-дин Спасовски на 27.01.2017 година присуствуваше на првиот состанокот во организација на претставници од проектот: Јакнење на административните капацитети за спроведување на Рамковната директива за отпад (РДО) и директивите за посебните текови на отпад (ДОЕЕ, ДОБА, ДОП). На овој состанок покрај претставници од проектот присуствуваа Извршниот Директор на MASWA како и претставник од Стопанска комора - Групација за секундарна преработка на отпад. На состанокот беа претставени Директивата за отпад како и Правилникот за транспорт на неопасен отпад. На состанокот беше донесен заклучок со кој беа задолжени членовите на работната група да ги утврдат недостатоците во законската регулатива. За следниот состанок консултанитите на проектот ќе треба да достават материјали со кои ќе се превземат следни активности во делот на измена на законската регулатива која се однесува на отпадот.

# ФОТО ГАЛЕРИЈА















Hotel GRANIT


Hotel GRANIT
АДКОМ








АДКОМ
ЗДРУЖЕНИЕ
Hotel GRANIT

### 01.02.2017 - Скопје

## Состанок со претставник од МИОА

Вработените во Извршната канцеларија на АДКОМ одржаа работен состанок со претставник од МИОА на кој што разговараа за активностите кои следат во текот на 2017 год. Претставникот од МИОА на овој состанок истакна дека согласно законските регулативи и обврски кои ги имаат ЈКП во првото тромесечје од 2017 год. потребно е да се организира работилница за изработка на Функционалана анализа на систематизациите во јавните комунални претпријатија.

### 02.02.2017 - Скопје

## Состанок на Комисија за погребални услуги на АДКОМ

Комисијата за погребални услуги на АДКОМ го одржа својот прв состанок во 2017 год. и на истиот согласно точките од дневниот ред ги донесоа следниве заклучоци:

- Да се побара мислење од Министерство за транспорт и врски како изготвувач на Законот ,дали операторот смее да работи на територија каде што нема своја подружница. Според член 26 од Законот за трговски друштва - не смее да работи без подружница
- Да се побара мислење од Министерство за транспорт и врски како изготвувач на Законот дали ЈКП смеат да продаваат погребална опрема или не?
- Да се побара од законодавецот ако може операторите од страна на советите на општината. да бидат ограничени во цените на услугите а не и на опремата.

### 03.02.2017 - Скопје

## Работен состанок со претставник од IAWD

Во Извршната канцеларија на АДКОМ на 03.02.2017 година Извршниот Директор на АДКОМ Г-ѓа Стојановска и консултантот Г-дин Вртески одржаа работен состанок со Г-дин Велер-претставник од Меѓународната асоцијација на водоснабдителни компании од Дунавскиот регион - IAWD.На овој состанок на Г-дин Велер му беа презентирани активностите кои АДКОМ ги реализираше во претходниот период во врска со DCM платформата и начинот на користење на истата од страна на јавните комунални претпријатија во Републиката.

## 06.02.2017 - Скопје

# Прв состанок на членовите на У.О на проектот Реформи во водниот сектор на централно ниво - Нирас

Првиот состанок на членовите на У.О на проектот - Реформи во водниот сектор на централно ниво се одржа на 06.02.2017 год во Скопје во ЕУ Инфо центарот. Член на У.О на преоктот е претседателот на У.О на АДКОМ Г-дин Спасовски. На состанокот од страна на тим лидерот на проектот беше презентиран првичниот извештај за работењето на проектот. Во рамките на овој проект ќе биде дадена подршка во развојот на планот за прилагодување на тарифи и бизнис планови на ЈКП од следните градови:Велес, Гевгелија, Кочани, Штип, Прилеп, Струга, Охрид, Илинден, Виница, Ресен, Врапчиште, Желино, Брвеница, Демир Капија, Зелениково, Кривогаштани и Македонски Брод. Подршка при реализација на проектот ќе даде и МЖСПП во делот на имплементација и унапредување на планот за прилагодување на тарифи.

## 07.02.2017 - Скопје

# Состанок: Комисија за водоснабдување на АДКОМ

Членовите на Комисијата за водоснабдување и канализација на 07.02.2017 година во Извршната канцеларија на АДКОМ одржаа состанок на кој дискутираа по основ на финалната верзија за измени на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води и изготвување на план и програма за работа на комисијата за 2017 година. Во делот на изготвување на финалната верзија за измени на законот членовите на комисијата се договорија да се вметнат измените и истите да бидат испратени до ЈКП на разгледување. Во делот на изготвување на планот и програмата членовите на комисијата ја задолжија извршната канцеларија на АДКОМ најпрво да организира состанок со МТВ по основ на измени во Законот за градба а останатите активности ќе се договорат на следниот состанок на комисијата.

## 07.02.2017 - Скопје

# Состанок: Комисија за економско правни работи на АДКОМ

Во извршната канцеларија на АДКОМ на 07.02.2017 година се одржа состанок на Комисијата за економско правни работи на АДКОМ. Членовите на комисијата најпрво предложија да се изврши раздвојување на комисијата на два дела-комисија за финансии и комисија за правни работи а потоа преминаа на разгледување на забелешките по основ на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани иотпадни води. Исто така членовите на комисијата завземаа став дека на секој три месеци ќе се изготвува и дополнува листата на обуки кои им се потребни на вработените во правните сектори во ЈКП. На состанокот се донесоа следните заклучоци:

- Да се проверат сите предлози дали се правнички издржани,да се изготви финална верзија од предложените измени и најдоцна до 20.02.2017 да се прати предлогот до ЈКП.
- Да се повтори уште еднаш обуката за изготвување на функционална анализа на систематизациите во ЈКП
- Да се контактира Г-дин Југослав Ѓорѓиевски и да се организира работилница за Законот за општа управна постапка
- Да се направи листа на сите Правилници кои произлегуваат од Законот за административни службеници и да се споделат искуства од досегашната примена на Законот
- Да се разменат искуства во врска со примената на Законот за извршување кој стапи на сила од 01.01.2017год.
- Да се споделат искуства од примената на Законот за зеленило кој стапи на сила од 01.09.2016 год.

09.02.2017 - Скопје

## Одржана работна средба со Директорот на Инспекторатот за животна средина - МЖСПП

На 09.02.2017 год. во Скопје во просториите на Инспекторатот за животна средина при МЖСПП, беше одржан работен состанок со Директорот на Инспекторатот Г-дин Грбле. На состанокот се дискутираше за проблемите кои ги имаат ЈКП а произлегуваат од Законот за води-односно за проблемот со плаќање на делот од сметките кои се однесува на фондот за води за кои што се задолжени ЈКП да го собираат и да го уплаќаат но ЈКП се во нерамноправна положба бидејќи треба да плаќаат само оние ЈКП кои имаат дозволи за користење и испуштање на водите. По излагањето на проблемот од страна на Директорите беше договорено на следната седница на Управниот одбор на АДКОМ која е закажана за 15.02.2017 год да присуствува вработен од Инспекторатот како би се продисутирале одделни членови од Законот за Води.

09.02.2017 - Скопје

## Трет состанок на У.О на проектот - Подготовка на проектни студии FSs, EIAs, CBAs, дизајн и тендерска документација за воспоставување на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Источниот и Североисточниот регион

Во Извршната канцеларија на ЕПТИСА се одржа третата седница на У.О на проектот - Подготовка на проектни студии FSs, EIAs, CBAs, дизајн и тендерска документација за воспоставување на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Источниот и Североисточниот регион на која што како член на У.О на проектот присуствуваше Г-дин Спасовски. На седницата беше презентиран статусот на проектот и вториот извештај за работа од страна на Г-дин Мавропулос. Пред присутните од страна на Г-ѓа Каранфилова - Мазневска беа претставени идните активности кој ќе ги има проектот во делот на управување со отпад во источниот и Североисточниот плански регион. На состанокот беше договорено да се организира еднодневна работилница за Директорите од двата региона како би им се презентирале сите активности кои следат во идниот оериод.

09.02.2017 - Скопје

## Одржан состанок на Комисија за комунална хигиена и одржување на паркови и зелени површини

На 09.02.2017 година во Извршната канцеларија на АДКОМ се одржа состанок на Комисијата за комунална хигиена и одржување на паркови и зелени површини. Членовите на комисијата на состанокот се усогласија во делот на програмата за работа и ќе работат на: Измени и дополнувања на Законот за управување со отпад,измени и дополнувања на Методологијата за пресметка на цена за собирање,третман и депонирање на отпад, дооформување на регионалните центри за отпад, ќе се следат можните инвестиции во делот на комуналната сфера, извршната канцеларија на АДКОМ ќе организира организира обуки во делот на комуналната хигиена. Членовите на комисијата дадоа предлог да се формира т.н тело на управители со отпад во состав на АДКОМ. Исто така беше предложено да се изврши поделба на комисијата на два дела-комисија за комунална хигиена и комисија за паркови и зелени површини. За следниот состанок членовите побараа да се обезбеди присуство на Г-ѓа Јадранка Иванова од МЖСПП.

### 09.02.2017 - Скопје

## Одржан состанок на комисија за пазари

Во Извршната канцеларија на АДКОМ се одржа состанок на комисијата за пазари. Членовите на Комисијата на состанокот едногласно го избраа за претседател Г-дин Јамалов од ЈКП Дервен Велес. Согласно дневниот ред членовите на комисијата во делот на планот за работа на комисијата се договорија да работата на:

- Иницирање на изготвување на Национална стратегија за пазари на Р.М,
- Во текот на следните состаноци да се работи на решавање на имотно правните односи на пазарите.
- Од страна на присутните членови на комисијата беше побарано во комисијата да се вклучат претставници од следните ЈКП : Охрид, Кавадарци, Неготино и др ЈКП кои со свои предлози би допринеле во работењето и активностите на комисијата.

За реализирање на дел од активностите по кои комисијата ќе работи вработените во извршната канцеларија ќе треба да закажат состаноци во следните институции и министерства: Министерство за финансии-Дирекција за имотно правни работи, Министерство за економија на Р.М и Пазарна инспекција - Управа за јавни приходи. Членовите на комисијата следниот состанок го закажаа за месец Март.

### 10.02.2017 - Скопје

## Одржана 53та Седница на Координативниот комитет на МСИП

На 10.02.2017 год во Скопје во просториите на Министерството за финансии на Р.М се одржа педесетитретата седница на Кординативниот комитет на МСИП. На седницата се разгледуваше и се одобри договорот за под заем за Општина Василево. Предмет на под договорот е изградба на локална улица и реконструкција на локална улица во Василево. Од страна на присутните членови на координативниот комитет на проектот за подобрување на општинските услуги беше одобрен договорот за под заем.

### 02.2017 - Скопје

## 28ма Седница на Управниот Одбор на АДКОМ

На 15.02.2017 година во Илинден се одржа дваесетиосмата седница на Управниот Одбор на АДКОМ. На оваа седница членовите на У.О и Н.О на АДКОМ дискутираа по основ на примена на Законот за извршување за што беа поканети и присуствуваа претставници од Комората на адвокати и Комората на извршители на Р.М. По однос на спроведување на Законот за утврдување на цени на водните услуги и изготвување на методологијата за уврдување на цената на водните услуги на седницата на У.О на АДКОМ присуствуваше Претседателот на Регулаторната комисија за енергетика на Р.М Г-дин Петров. Врз основа на проблемите кои произлегуваат од примена на одредени членови од Законот за води членовите на У.О на АДКОМ дадоа свои видувања и дискутираа по однос на истиот. На дваесетиосмата седница на Управниот Одбор на АДКОМ се дискутираше по однос на тековните проблеми со Советот за јавни набавки и се дискутираше по однос на Законот за зеленило. Пред присутните беа презентирани заклучоците од одржаните состаноци на комисиите во состав на АДКОМ и релизираните и идните активности на Извршната канцеларија на АДКОМ.

## 16.02.2017

## Состанок на комсијата за човечки ресурси на АДКОМ

На 16.02.2017 година се одржа состанок на комисијата за човечки ресурси на АДКОМ и на истиот се донесоа следните заклучоци:

- Да се изготвуви план и листа на обуки за вработените од ЈКП во текот на 2017 год.
- Да се испрати прашалник до сите ЈКП да ги наведат обуките за кои се заинтересирани да се реализираат оваа година
- На следниот состанок според пристигнатите прашалници да се направи план за обуки на квартално ниво

Извршната канцеларија на АДКОМ да ги сподели со членките правилниците кои некои ЈКП ги имаат веќе изготвено а се однесуваат на:

- Правилникот за оценување на даватели на услуги
- Правилникот за оценување на административни службеници
- Правилник за вработување на даватели на услуги
- Правилник за плати

Комисијата да изготви листа на Закони по кои работат ЈКП и обврски кои произлегуваат од сите закони со рокови за нивно спроведување и истата да се сподели со сите членки

## 17.02.2017

## Испратено дополнување до Уставен Суд и дадена поддршка на претходно доставени Иницијативи од други институции по основ на оспорување на Законот за извршување и Законот за нотаријат

На 17.02.2017 год. АДКОМ во името на своите членки по укажувањето од Уставниот Суд на Р.Македонија достави дополнување на Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставност на Законот за извршување и Законот за нотаријат во која што иницијатива беше образложено дека со донесувањето на Законот за нотаријат и Законот за извршување ќе се отежни тековното работење на ЈКП кои вршат дејност од јавен интерес а со тоа ќе се зголемат трошоците за постапката особено поради воведување на вонсудската наплата на долг по основ на веродостојна исправа.

Исто така дваесет и две ЈКП писмено доставија подршка на доставената Иницијативата за поведување на постапка за оценка за уставноста и законитоста на одредбите од Законот за извршување, поднесена од Оне. ВИП Скопје и Адвокатското друштво Кузмановски, како и на иницијативата поднесена од ЈП Водовод и канализација Скопје, БЕГ и ЕВН Македонија со цел ургенција за спојување на иницијативите за оценка на уставноста и законитоста на Законот за извршување.

## 20.02.2017 - Свети Николе

## Еднодневна работилница „Подготовка на потребните документи за воспоставување интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Источниот и Североисточниот регион“

АДКОМ и Министерството за животна средина и просторно планирање организираа еднодневна работилница на тема: Воспоставување на интегриран регионален систем во источниот и североисточниот плански регион – институционални аспекти. Целта на одржување на оваа работилница е одржување на транспарентноста на целиот процес и усогласување на ставовите на засегнатите страни во однос на предложените опции.

23.02.2017

## Национална работилница за DCM

На 23.02.2017 се одржа Националната работилница за претставување на резултатите од DCM платформата.

Во функција на воспоставување на Регионалниот портал за собирање на податоци DANUBIS-DCM на национално ниво, АДКОМ организираше серија регионални работилници наменети за одговорните лица во ЈКП кои беа назначени за собирање, пополнување и контрола на податоците во DANUBIS-DCM порталот како поддршка на бенчмаркингот во Република Македонија.

На работилницата присуствуваа 107 претставници од ЈКП, претставници од ресорните Министерства и донаторски куќи.

27.02.2017

## Состанок со претставници од Министерство за транспорт и врски

На 27.02.2017 претставници од комисијата за водоснабдување и канализација одржаа состанок со претставници од Министерството за транспорт и врски на кој се бараше од наша страна измена на Законот за градба. По дискусијата се донесоа следните заклучоци:

Јавните комунални претпријатија, според Законот за Јавни Претпријатија и Законот за Комунални дејности, можат да се бават само со основната дејност - која за водоснабдување гласи - изградба и одржување на системите за зафаќање, прочистување и дистрибуција на вода за пиење. Ова значи дека останатите дејности кои се поврзани со основната - како што се проектирање, надзор и ревизија на техничката документација - истите немаат право да ги регистрираат. Ова, понатаму, значи дека за тие дејности не можат да добијат соодветни лиценци, според Законот за градење. Понатаму, за младите инженери кои работат во ваквите претпријатија им се одзема можноста да напредуваат во струката и да се стекнат со соодветните овластувања, според Законот за градење. Заради тоа бараме со закон да се овозможи ЈКП да можат да се занимаваат и со дејности кои се тесно поврзани со основната, како горе наброените, кога работат за сопствени потреби и вработените инженери да можат да стекнуваат потребни референци за добивање на соодветните овластувања, работејќи во ЈКП, наместо исклучиво работејќи во компании кои за тоа имаат лиценца.

Проектите за инфраструктура да можат да се потпишуваат од проектантите, а не само од планери, или да се овозможи стекнување на овластување за планер и на другите инженерски струки, покрај архитектите, кои се бават со проектирање на инфраструктурни објекти.

Изработката на проектната документација за инфраструктурните објекти и инсталации, во Законот за градење да се третира како посебна категорија и за истата да се пропишат посебни процедури, почнувајќи од проектирањето, преку добивањето на градежната дозвола, па се до изведбата и техничкиот прием

28.02.2017 - Скопје

## Работилница за изработка на функционална анализа на систематизациите во ЈКП

АДКОМ на барање на своите членки на 28.02.2017 год. во Скопје на Скопски саем организираше еднодневна обука за изработка на функционална анализа на систематизациите во ЈКП. На работилниците од страна на Г-ѓа Чукиќ од МИОА беа претставени нормативните претпоставки за спроведување на функционалната анализа. Г-ѓа Жагар пред учесниците на обуките ги претстави насоките за спроведување на функционална анализа - процесот и начинот на изработка на извештај од спроведена функционална анализа во форма на документ.








































mbc

**01.03.2017 - Скопје**

## Работилница за спроведување на функционална анализа во ЈКП

АДКОМ на барање на своите членки на 01.03.2017 год во Скопје на Скопски саем организираше еднодневна обука за изработка на функционална анализа на систематизациите во ЈКП. На работилниците од страна на Г-ѓа Чукиќ од МИОА беа претставени нормативните претпоставки за спроведување на функционалната анализа. Г-ѓа Жагар на учесниците на обуките им ги презентираше насоките за спроведување на функционална анализа - процесот и начинот на изработка на извештај од спроведена функционална анализа во форма на документ.

**02.03.2017**

## Испратен допис до Министертво за транспорт и врски на Р. Македонија

АДКОМ до Министертво за транспот и врски на Р. Македонија испрати допис во кој беа вклучени донесените заклучоци од одржаниот состанок на Комисијата за погребални услуги на АДКОМ. Во дописот до ресорното Министерство кое е изготвувач на Законот беше побарано толкување за тоа дали операторот смее да работи на територија каде што нема своја подружница и беше побарано да се даде мислење дали ЈКП смеат да тргуваат со погребална опрема.

**02.03.2017**

## Испратен допис до Министертво за транспорт и врски на Р. Македонија

Извршната канцеларија на АДКОМ во името на своите членки- Јавните комунални претпријатија до Министертво за транспорт и врски на Р. Македонија испрати Иницијатива за донесување на измени и дополнувања за Законот со снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води. Оваа иницијатива беше изготвена од страна на членовите на Комисијата за водоснабдување и канализација на АДКОМ и истата пред испраќањето од страна на стручната служба на АДКОМ беше препратена до сите членки на одобрување.

## 03.03.2017 - Скопје

## Петта работилница на група за национален Дијалог за политиките

На Покана на претставници на проектот за управување со сливот на река Брегалница АДКОМ имаше свој претставник кој присуствуваше на петтата работилница на која беа презентирани плановите за управување со водите за делови од речниот слив Брегалница и Преспа. Работилницата се одржа на 03.03.2017 год во Скопје. Изготвените планови пред присутните беа презентирани од страна на консултантот на проектот Г-дин Ставриќ. Главната цел на овој проект е одрживо управување со водните ресурси во сливот на реката Брегалница кој го поттикнува екомомскиот развој во регионот. Реализацијата на овој проект е финансирана од Швајцарскиот државен секретаријат за економски работи SECO кој вклучува петнаесет општини од регионот на Брегалница: Свети Николе, Лозово, Штип, Карбинци, Пробиштип, Кратово, Кочани, М. Каменица, Делчево, Пехчево, Берово, Виница, Зрновци, Чешиново – Облешево и Конче. За следните чекори и активности на проектот во делот на изработка на конечната верзија на планот до сите заинтересирани страни ќе бидат испратени извештаи.

## 07.03.2017

## Одржан состанок во Министерство за транспорт и врски

На 07.03.2017 година во просториите на Министерството за транспорт и врски членовите на комисијата за водоснабдување и канализација одржаа работен состанок со Г-дин Мартин Оџаклиевски на кој се дискутираше за можни измени во Законот за градба и се донесоа следните заклучоци:

Со закон да се овозможи ЈКП кога работат за сопствени потреби да можат да се занимаваат и со дејности кои се тесно поврзани со основната и вработените инженери да можат да стекнуваат потребни референци за добивање на соодветните овластувања, работејќи во ЈКП, наместо исклучиво работејќи во компании кои за тоа имаат лиценца.

Проектите за инфраструктура да можат да се потпишуваат од проектантите, а не само од планери, или да се овозможи стекнување на овластување за планер и на другите инженерски струки, покрај архитектите, кои се бават со проектирање на инфраструктурни објекти.

Изработката на проектната документација за инфраструктурните објекти и инсталации, во Законот за градење да се третира како посебна категорија и за истата да се пропишат посебни процедури, почнувајќи од проектирањето, преку добивањето на градежната дозвола, па се до изведбата и техничкиот прием.

## 07.03 2017 - Скопје

## Состанок на Комисја за пазари и зелени површини на АДКОМ

Во Извршната канцеларија на АДКОМ на 07.03.2017 год се одржа првиот состанок на Комисијата за пазари и зелени површини во состав на АДКОМ. На овој состанок номинираните вработени од ЈКП избраа претседател на Комисијата - Г-ѓа Гудева од ЈКП Комуналец Струмица. Присутните членови на комисијата во делот за Законот за зеленило се договорија своите предлози и начинот на примена на овој Закон во писмена форма да ги достават до Извршната канцеларија на АДКОМ до 15.03.2017 год. Согласно изготвувањето на програмата за работа на комисијата беше договорено членовите на комисијата да размислат и своите предлози да ги разработат за следниот состанок. Членовите на комисијата завземаа заеднички став состаноците да се одржуваат секој втор месец согласно активностите и потребите.

### 09.03.2017 - Скопје

## Јавна расправа по однос на подзаконските акти за регулирање на тарифи за водни услуги

Во Скопје на 09.03.2017 год вработените од АДКОМ и ЈКП на покана на Регулаторната комисија за енергетика на Р.М присуствуваа и беа дел од јавната расправа организирана во просториите на Стопанската комора на Р.М по однос на подзаконските акти за регулирање на тарифи за водни услуги.На оваа расправа присуствуваа голем број на вработени од ЈКП, претставници од МЖСПП, претставници од НИРАС и ЕПТИСА. Од страна на Координаторот на работната група од РКЕ Г-ѓа Неловска - Чучук присутните преку презентација беа запознаени со подзаконските акти за регулирање на тарифи за водни услуги. Присутните се запознаа со надлежностите на РКЕ согласно Законот за утврдување на цени за водни услуги , подзаконските акти,правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга како и методологијата за утврдување на тарифи за водни услуги. По завршувањето на јавната расправа беше договорено сите инволвирани страни кои имаат забелешки истите да ги упатат до РКЕ и доколку истите се издржани ќе бидат влучени во методологијата.

### 10.03.2017 - Скопје

## Одржан состанок за изготвување на стратегија за комуникација со корисниците според новиот Закон за цена на водни услуги

На состанокот кој го организираше Проектот за реформи во водниот сектор на централно ниво во Скопје на 10.03.2017 од страна на АДКОМ присуствуваше Г-ѓа Фани Карамиха - Петрушева. На состанокот од страна на Г-дин Нешовски беше претставена предлог стратегијата за комуникација со корисниците според новиот Закон за цена на водни услуги. Од страна на вработените во НИРАС беше побарано АДКОМ да ги запознае своите членки со оваа предлог стратегија и да се побара вклучување на вработени од ЈКП за спроведување на оваа стратегија. По разгледување на предлог стратегијата присутните од страна на претставникот на АДКОМ беа известени дека на следната седница на Управниот одбор, АДКОМ ќе ја претстави стратегијата и организаторите ќе бидат известени за нивното мислење.

### 14.03.2017 - Скопје

## Триесета Седница на Управен Одбор на АДКОМ

Триесетата седница на Управниот одбор на АДКОМ се одржа на 14.03.2017 година во Скопје. Членовите на Управниот одбор на оваа седница беа запознаени со реализираните активности на АДКОМ помеѓу две одржани седници, се разменија искуства во делот на примената на Законот за извршување. членовите беа запознаени со предлог стратегијата за комуникација со корисниците според новиот Закон за цена на водни услуги изготвена од проектот за реформи во водниот сектор на централно ниво, беше проследено известување за првиот турнус на регионални работилници кои АДКОМ ќе ги организира за триесетидевет ЈКП за обуки за бизнис планирање и изработка на бизнис планови на шест ЈКП. Присутните членови на У.О на АДКОМ беа запознени со донесените заклучоци од одржаните состаноци на комисиите во склоп на АДКОМ за изминатиот период.

## 15.03.2017 - Скопје

# Работилница за Закон за општа управна постапка

На барање на своите членки АДКОМ организираше еднодневна работилница на тема: Толкување на Законот за општа управна постапка. Предавач на оваа работилница беше Г-дин Ѓорѓиевски од МИОА. Присутните вработени од ЈКП на оваа работилница се запознаа со основните карактеристики и специфики на решенијата содржани во новиот Закон за општа управна постапка како што се поедноставените постапки, скратените рокови, поголем опфат на институции, ефикасност и економичност. Исто така од страна на Г-дин Ѓорѓиевски беа наведени и основните начела на Законот, текот на постапката, начинот на поведување на постапката, самиот тек на постапката и други специфики кои се содржани во овој закон.

## 17.03.2017 - Скопје

# Одржан работен состанок со претставник од ГИЗ ОРФ

Во Извршната Канцеларија на АДКОМ се одржа работен состанок со претставник од ГИЗ ОРФ Г-дин Начевски. На овој состанок Извршниот Директор на АДКОМ Г-ѓа Стојановска беше запознаена со проектот кој ќе биде воден од страна на канцеларијата на ГИЗ ОРФ во соработка со IAWD за советодавни услуги за управување со инфраструктурните средства за комуналните претпријатија во Југоисточна Европа..Имплементацијата на овој проект планирано е да започне во Април 2017 год и целта на проектот е целосна имплементација на активности во ЈКП поврзани со примена на методологија за управување со инфраструктурните средства - Asset Management .АДКОМ заедно со ГИЗ ОРФ во периодот што следува ќе даде свој допринос во организација на работилница на која ќе бидат поканети претставници од сите ЈКП и детално ќе се објасни целта на проектот.

## 17.03.2017 - Скопје

# Состанок на Комисија за комунална хигиена на АДКОМ

Во Извршната канцеларија на АДКОМ на 17.03.2017 год беше одржан состанок на Комисијата за комунална хигиена на АДКОМ и на истиот беа поканети и присуствуваа Г-ѓа Иванова - Раководител на Сектор за ЕУ во МЖСПП и Г-ѓа Каранфилова - Мазнева Раководител на Сектор отпад во МЖСПП. На состанокот се дискутираше по основ на Методологијата за пресметка на цената за собирање, третман и депонирање на отпад и беше прифатено воведување на единица $м^2$ како параметар во формирање на цената за отпад и беше договорено до крајот на месец април да се изготват измените од страна на Министерството и иситите да се испратат до АДКОМ на разгледување. Во делот на Законот за управување со отпад присутните се сложија на следниот состанок членовите на комисијата да го разгледаат Законот и да дадат свои предлози за измени до МЖСПП како би можеле истите навремено да бидат вметнати во новиот Законза управување со отпад. Членовите на Комисијата на состанокот предложија побрзо да се формираат регионалните центри и можност за поголема примена на алатките SFIS-модел на општинскиот информационен систем за управување со комунален отпад и CFM- трошковно -финансискиот модел кои беа применувани при спроведување на проектот за ефикасно развивање и користење на податоците за собирање, третман и одложување на комуналниот отпад.

## 20.03.2017 - Скопје

# Координативен состанок на Проектите кои работат на реформи во водниот сектор и АДКОМ

На 20.03.2017 година во просториите на ЕПТИСА се одржа координативен состанок на Проектот за реформи во водниот сектор на локално ниво, Проектот за реформи во водниот сектор на централно ниво, Проектот за изработка на национална студија за водите во Р. Македонија и АДКОМ каде се дискутираше за сите планирани обуки за јавните комунални претпријатија од страна на сите инволвирани страни со цел да се направи една листа и преглед на сите активности кои се превземаат во комуналниот сектор од страна на многу институции.

## 20.03.2017 - Скопје

# Педесетичетврта седница на проектот за подобрување на општинските услуги - МСИП

Во просториите на Министерството за финансии на Р.М на 20.03.2017 година се одржа педесетичетвртата седница на проектот за подобрување на општинските услуги - МСИП. Членовите на Координативниот комитет на оваа седница ги разгледаа и одобрија трите ИПА грант договори за општините Куманово, Арачиново и Лозово.

## 21, 22. и 23.03.2017

# Регионални работилници - Обуки за Бизнис планирање

АДКОМ со цел да се поддржи процесот на бизнис планирање и изработка на планот за преодни тарифи организираше и го одржа првиот турнус од три регионални интерактивни работилници на тема: Бизнис планирање според регионален принцип на учество на ЈКП. Работилниците беа одржани во Скопје на 21.03.2017 год за ЈКП од Полошкиот, Југозападниот и Пелагонискиот регион, на 22.03.2017 год за ЈКП од Скопскиот, Североисточниот и Вардарскиот регион во Скопје и во Кавадарци на 23.03.2017 година за ЈКП од Источниот и Југоисточниот регион. На трите реализирани регионални работилници беа сумирани резултатите од прашалниците за самооценување, се работеше на развивање на SWOT анализа за испорака на услугите за вода за пиење и отпадните води, разгледувајќи ги техничките, комерцијалните и финансиските фактори. Учесниците на работилницата работеа и на развивање на изјавите за визија и мисија, стратешките цели и показателите за успех.

## 22.03.2017 - Скопје

# Одбележување на светскиот ден на водите

Во Скопје на 22.03.2017 год во хотел Холидеј Ин од страна на МЖСПП и меѓународната заедница беше одбележан денот на водите на тема: Водата и отпадните води. Целта на овој настан беше нагласување на меѓузависноста на водата и отпадните води земајќи ги во предвид факторите како што се климатските промени, растот на населението и економскиот развој во потрага по одржлив развој и одржливи решенија за управување со водите.

## 22.03.2017 - Скопје

## Прва работилница на Твининг проектот - Јакнење на административните капацитети за спроведување на Рамковната директива за отпад (РДО) и директивите за посебните текови на отпад (ДОЕЕ, ДОБА, ДОП)

Претседателот на АДКОМ Г-дин Спасовски присуствуваше на првата работилница на проектот - Јакнење на административните капацитети за спроведување на Рамковната директива за отпад (РДО) и директивите за посебните текови на отпад (ДОЕЕ, ДОБА, ДОП). Работилницата се одржа на 22.03.2017 год во просториите на Е.У Инфо центарот. На оваа работилница присутните беа запознаени со идните активности кои ќе ги има проектот.

## 23.03.2017 - Скопје

## Технолошки форум - Моќта на чистата вода

На покана на Ротари клубот од Скопје вработените од Извршната канцеларија на АДКОМ на 23.03.2017 год во Скопје хотел ТЦЦ Гранд Плаза присутвуваа на технолошкиот форум на тема: Моќта на чистата вода , организиран по повод одбележување на светскиот ден на водите. На овој настан пред присутните свои обраќања имаа проф. др. Кочубовски од Инситутот за Јавно здравје на Р.М. кој говореше за Здравствените аспекти на водата, Г-дин Санен претставник Проектот за реформи во секторот вода на локално ниво - Ептиса кој даде свое видување во делот на одрживата вода за пиење и обезбедување на услуги за пречистување на отпадни води во Македонија, Г-дин Илбер Мирта од МЖСПП говореше за управување со водите во Р.М и Г-ѓа Петровска од ЈП Водовод и канализација Скопје пред присутните ги презентираше алтернативните извори за водоснабдување во град Скопје.

## 28.03.2017 - Скопје

## Состанок на У.О на проектот на Ептиса - Проект за реформи во секторот вода на локално ниво

Во просториите на Ептиса беше одржан четвртиот состанок на членовите на У.О на Проект за реформи во секторот вода на локално ниво. На овој состанок од страна на тим лидерот на преоктот Г-дин Санен беше даден кус осврт на вториот извештај за спроведените активности на проектот за изминатиот период. Исто така пред членовите на У.О беа претставени и постигнатите резултати за период Декември 2016 година до март 2017година. На овој состанок беше претставена и соработката помеѓу сите проекти кои работат во Р.М како и бизнис плановите и приспособување на тарифите за ЈКП кои се дел од овој проект. На овој состанок од страна на Г-дин Санен беше презентирана и DCM платформата и беше истакнато нејзиното значење.

## 28-30.03.2017

## Студиска посета на саемот за води во Берлин

Во организација на АДКОМ во периодот од 28 до 30.март 2017 година делегација од Директори на ЈКП и Градоначалници на неколку општини присуствуваа на меѓународниот саем за води Wasser Berlin и земаа активно учество на форумот за води за земјите од западен Балкан кој се одржа на 29 март.

### 30.03.2017 - Скопје

## Педесетипетта седница на проектот за подобрување на општинските услуги - МСИП

На 30.03.2017 год во Скопје во просториите на Министерството за финансии се одржа педесетипеттата седница на координативниот комитет на проектот за подобрување на општинските услуги - МСИП. Предмет на оваа седница беа разгледување и одобрување на четири ИПА Грант договори со општините Битола, Охрид, Карпош и општина Пробиштип. Членовите на координативниот комитет по разгледувањето на договорите истите ги одобрија без забелешки.

### 30.03.2017

## Состанок на комисија за водоснабдување и канализација

На 30.03.2017 година се одржа состанок на комисијата за водоснабдување и канализација на АДКОМ на кој се изготвуваше барање и истото е испратено до МЖСПП и Регулаторната комисија за енергетика во врска со решавање на прашањето за земање во предвид на трошоците за атмосферската канализација. При формирање на цените на водните услуги и дефинирање на сопственоста над основните средства (водоводната и канализационата мрежа како и објектите).

# ФОТО ГАЛЕРИЈА





















mbc






























04.04.2017

## Работилница – Советодавни услуги за управување со инфраструктурните средства за комуналните претпријатија во ЈЕ

АДКОМ во соработка со ГИЗ на 04.04.2017 год. во Скопје – Хотел Холидеј Инн за јавните комунални претпријатија организираше еднодневна работилница каде на учесниците им беше презентиран иновантниот проект "Советодавни услуги за управување со инфраструктурните средства за комуналните претпријатија во Југоисточна Европа". Планирано е проектот да се реализира преку Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit GmbH – GIZ и Hydro-Comp Enterprises Ltd. од Кипар и Меѓународното здружение на водоводните претпријатија во сливот на реката Дунав – IAWD.Целта на овој проект е да се изврши целосна имплементација на активностите во претпријатијата кои се поврзани со примената на најнапредната методологија за управување со инфраструктурни средства - Asset Management (AM). Планирано е овој проект да трае три години и истиот да се реализира преку три фази, секоја во траење од дванаесет месеци.

05. 06. и 10 04.2017

## Работилници – Бизнис планирање според регионален прицип на учество на ЈКП

Со цел да се поддржи процесот на бизнис планирање и изработка на планот за преодни тарифи АДКОМ организираше и одржи три регионални работилници на тема : Бизнис планирање според регионален прицип на учество на ЈКП. Првата работилница беше одржана во Скопје на 05.04.2017 год како дел од вториот турнус и беа поканети и учествуваа претставници од ЈКП од Скопскиот, Североисточниот и Вардарскиот регион. Втората работилница беше одржана на 06.04.2017 год во Охрид– Хотел Гранит на која присуствуваа претставници од ЈКП од Југозападниот, Полошкиот и Пелагонискиот регион и на третата работилница која беше одржана на 10.04.2017 год во Скопје присуствуваа претставниците од Источниот и Југоисточниот регион. Од страна на консултантите на АДКОМ на работилниците пред учесниците беа презентирани: методологијата за определување на тарифите за водна услуга и структурата на бизнис планот и преодниот план за тарифи.

## 06.04.2017

## Втора работилница на твиниг проектот финансиран од ЕУ: Зајакнување на административните капацитети за спроведување на рамковната директива за отпад (РДО) и директивите за потребните текови на отпад (ДОЕЕ, ДОПА, ДОП)

На 06.04.2017 година во просториите на ЕУ Инфо центарот во Скопје се одржа работилница на која како член на управниот одбор на проектот присуствуваше Г-дин Спасовски. Целта на овој твининг проект е да се изработи и воведе подобрен систем за управување со отпад во секторите кои работат на оваа проблематика и потемелно да бидат запознаени со својата улога на ова поле и преку серија работилници да се создадат услови за развој и подобрено функционирање на постојните системи за управување со отпад. На работилницата од страна на експертите кои се вклучени во проектот беа презентирани надлежностите и задолженијата на централната власт и локалната самоуправа. Воедно пред присутните беше претставен и начинот на соработката помеѓу органите на централно и локално ниво и воедно нивната вклученост во системот на проширената одговорност на производителите.

## 11.04.2017

## Состанок на Комисија за контрола и обработка на вода

На 11.04.2017 година во Извршната канцеларија на АДКОМ се одржа првиот состанок на Комисијата за контрола и обработка на вода во состав на АДКОМ. На овој состанок од страна на присутните беше избран претседател и заменик претседател на комисијата. Членовите на комисијата дискутираа за одржување на специјалистички обуки согласно пристигнатите предлози од другите ЈКП и изготвување на предлози за нивно одржување. Членовите на комисијата дискутираа и даваа предлози за програмата за работа и донесоа заклучок на следниот состанок да биде изготвена предлог програма за работа на комисијата за 2017 година. Исто така се даде предлог на следниот состанок да се дискутира за Правилниците за вода по кои работат јавните комунални претпријатија.

## 11.04.2017

## Состанок на Комисија за комунална хигиена

Членовите на Комисијата за комунална хигиена на АДКОМ состанокот го одржаа на 11.04.2017 год во Извршната канцеларија на АДКОМ. На состанокот присутните членови дадоа предлог за разделување на постоечкиот Закон за управување со отпад во два закони и тоа: Закон за управување со комунален и други видови на неопасен отпад и Закон за управување со опасен отпад. За наредниот состанок на комисијата членовите се сложија поединечно секој член да даде предлог за обуки во делот на управување со отпад со цел изготвување на план за одржување на обуки. Присутните членови го разгледаа постоечкиот закон за управување со отпад,дадоа предлози за негово изменување и со оглед нна тоа дека МЖСПП планира да изготвува нов Закон за Управување со отпад,забелешките да бидат доставени до ниив по претходно разгледување од страна на сите ЈКП.

## 19.04.2017

## Триесетипрва седница на Управен Одбор на АДКОМ

На 19.04.2017 год во Струмица беше одржана триесетипрвата седница на Управниот Одбор на АДКОМ. На седницата членовите работеа согласно дневниот ред и дискутираа по однос на реализираните активности на АДКОМ помеѓу две Седници на Управниот Одбор. Меѓусебно беа размени искуства во примена на Законот за Извршување и за следните чекори по ова прашање ќе работи правната комисија на АДКОМ.Присутните беа известени за можноста за заедничкоучество на меѓународна конференција на Јахорина-БиХ.Извршниот Директор на АДКОМ пред присутните ги презентираше донесените заклучоци од одржани состаноци на комисиите во состав на АДКОМ.На оваа седница присутните беа запознаени и со планираните идни активности на Здружението.

## 20.04.2017

## Испратен анкетен прашанлик за четири услуги – GIZ

АДКОМ во соработка со GIZ испрати прашалник до ЈКП чија цел е да се испитаат мислењата, гледиштата, ставовите и верувањата на претставниците на јавните комунални претпријатија во регионот на Западен Балкан.Со пополнување на овој прашалник се очекува да се добијат одговори во врска со четири потенцијални производи / услуги, и тоа: Советодавни услуги за управување со средствата (Asset Management) во системот за водовод и канализација (WSS); Советодавни услуги за намалување на неприходната вода (NRW); Систем за поддршка на донесување на одлуки за планирање на инвестиции во рамките на системот за водовод и канализација.

## 24.04.2017

## Координативен состанок на проектите Реформи во водниот сектор на централно ниво конзорциум предводен од – НИРАС , Проектот – Реформи во системот на водоснабдување, собирање и прочистување на урбаните отпадни води на локално ниво – Ептиса и партнерите во конзорциум СЕТЕК и ГЕИНГ и Проектот развој на национална студија за води

Во просториите на ЕПТИСА на 24.04.2017 година се одржа работен координативен состанок на кој присуствуваа претставници од МЖСПП предводени од Г-ѓица Иванова, Г-дин Wolff тим лидер на проектот –Реформи во водниот сектор на централно ниво конзорциум предводен од – НИРАС, Г-дин Санен тим лидер на проектот–Реформи во системот на водоснабдување, собирање и прочистување на урбаните отпадни води на локално ниво – Ептиса и партнерите во конзорциум СЕТЕК и ГЕИНГ, Г-дин Хант тим лидер на проектот развој на националната студија за води и Претставник од АДКОМ Г-ѓа Карамиха Петрушева. На овој координативен состанок присутните дадоа информации за активностите кои следат во нивните проекти со цел да нема преклопување на истите. Во наредниот период од страна на проектите ќе следуваат низа регионални работилници со преставниците на ЈКП кои се вклучени во рамки на проектите. Присутните беа запознаени и со активностите кои АДКОМ ќе ги има во следниот период.

## 26.04.2017

## Четврта седница на Управен Одбор на проектот за развој на национална студија за води

Во канцеларијата на ЕПТИСА на 26.04.2017 год се одржа четвртата седница на Управниот Одбор на проектот за развој на национална студија за води .Од страна на тим лидерот на проектот за национална студија за води Г-дин Хант беше презентиран статусот на проектот и досегашните активности. По презентацијата на планот за институционален развој, извештајот за агломерации и чувствителни зони членовите на Управниот одбор на проектот ги одобрија извештаите без забелешки. Во делот на идните планирани активности од страна на членовите на Управниот одбор на проектот беше побарано да се достави распоред за сите планирани работилници до сите членови на Управниот одбор.

## 26-28 04.2017—Корча Албанија

## Работилница—Воспоставување на HUB за комерцијална ефикасност

Во организација на SHUKLB во период од 26 до 28.04.2017 година во Комуналното претпријатие WSS во Корча Р. Албанија се одржа работилница во рамки на активностите на D-leap за воспоставување на HUB за комерцијална ефикасност.На оваа работилница како претставници од страна на АДКОМ учествуваа Г-ѓа Ангелова и Г-дин Вртески, претставници од SHUKALB и претставници од Комуналното претпријатие од Брасов Романија. Оваа Програма за градење на капацитетите е една од поважните програми за обука на D-leap каде ќе се дефинираат сет на процеси во рамките на ЈКП кои работат во регионот на Дунав. Цели на оваа програмата се: Изготвување на практична програма за споделување на знаење на ЈКП кои работат во регионот на Дунав и имплементација на индивидуални програми за зајакнување на нивните комерцијални перформанси и олеснување при креирање на поволна средина за постојана и одржлива испорака на оваа програма за споделување на знаењето во Дунавскиот регион преку квалификувани тренери, кои потоа ќе можат оваа програма да ја пренесат и споделат со ЈКП во своите земји. На работилницата учесниците работеа на следниве теми: Поврзување на комерцијалата ефикасност со бизнис планирањето,тековна проценка на ефикасноста врз основа на индикатори со акцент на комерцијална ефикасност, дефинирање на комерцијална ефикасност—стратешки цели, анализа на побарувачката на вода и други теми кои се позначајни во делот на комерцијалната ефикасност.

## 27.04.2017

## Работилница – Развој на идни политики за вода за пиење и отпадни води на национално ниво

Во просториите на Скопски саем на 27.04.2017 година се одржа еднодневна работилница во организација на проектот за развој на национална студија за води. Целта на работилницата е да се добијат ставови за проектната активност која се однесува на креирање на политики за водоснабдување и за собирање и прочистување на отпадните води. Овие активности се за проценка на постоечката и идна побарувачка на вода, развивањето на водни биланси земајќи ги во предвид влијанијата од климатските промени и проценка на влијанијата врз квалитетот на водата од испуштањето на урбаните отпадни води. Дискусиите на работилницата придонесоа во идентификацијата на правни, еколошки, технички и економски мерки, како и предлагање на институционалниот систем со цел поголема ефикасност во управувањето и користењето на водите и нивна заштита од загадување.
































## 03.05.2017

## Скопје Состанок на Комисија за контрола и обработка на вода

Членовите на комисијата за обработка и контрола на вода на АДКОМ се состанаа во Извршната канцеларија на АДКОМ на 03.05.2017 година и работеа согласно предложениот дневниот ред. На состанокот по разгледување и куса дискусија по однос на изготвената предлог програма за работа на комисијата од страна на Претседателот на комисијата истата беше усвоена без забелешки. Согласно планот за одржување на обуки за тековната 2017 година, членовите на комисијата се договорија според приоритетите во секојдневното работење да бидат организирани следниве обуки од страна на Извршната канцеларија на АДКОМ: Пропишани заштитни зони околу изворите бунарите каптажите и резервоарите, филтрирање на сирова вода со песочен филтер и прописи и стандарди на водата за пиење во Р.М., Агресивност и стабилност на водата (индекси на стабилност) и карбонатна стабилност на водата (решавање на проблемите со таложење на каменец), Искуства од употреба на нови класи на спектофотометрија или други нови методи, практична примена на преработка на водата,технолошки можности за намалување на органските материи во водата, анализи за разградување на органските материи со примена на методот на УВ зрачење или други методи и еколошка прифатливост и ефикасност во современите постапки при обработка на водата. Членовите на комисијата за следниот состанок предложија да го разгледаат и дадат коментари на Правилникот за безбедност на водата за пиење.

## 04.05.2017

## Еднодневна работилница за изработка на бизнис планови и Планови на преодни тарифи за ЈКП за водоснабдување, собирање и третман на отпадните води

На 04.05.2017 АДКОМ во соработка со IAWD (Меѓународната асоцијација на водоснабдителни компании од дунавскиот регион), Светската Банка, проектите за реформа на системот за В&ОВ на локално и на централно ниво и регулаторната комисија на Р.М, организираше работилница со која ќе поддржи шест ЈКП во изработката на Бизнис Планови и Планови на преодни тарифи за Јавните претпријатија за водоснабдување, собирање и третман на отпадните води. Целта на работилницата е да се заштитат интересите и да се зајакне работата на Јавните Комунални Претпријатија во Република Македонија.

Шесте ЈКП кои според воспоставените критериуми покажаа најдобро рангирање беа избрани и присуствуваа на работилницата, која се одвиваше во три сесии, каде им беа презентирани:

- Структурата на Бизнис Планот и потребните прилози – сите информации кои се неопходни за секое ЈКП поединечно.
- Потребните податоци и варијабли за индикаторите за перформансите на ЈКП, како и
- Excel моделот на Бизнис планот и тарифите.

Со помош на дискусиите се идентификуваа проблемите и пречките при реализацијата на Бизнис планот за секое поедниечно Јавно претпријатие, како и начините и можностите за нивно решавање. Шест ЈКП кои ќе бидат поддржани во овој процес се: ЈКП Никола Карев – Пробиштип, ЈКП Комуналец – Неготино, ЈКП Комуна – Ново Село, ЈКП Комуналец – Свети Николе, ЈКП Долнени – Долнени и ЈКП Комуна – Крушево.

**05.05.2017**

## Педесет и шеста седница на проектот за подобрување на општинските услуги – МСИП

Во просториите на Министерството за финансии на Р.М. на 05.05.2017 година се одржа педесетишестата седница на проектот за подобрување на општинските услуги – МСИП. Членовите на координативниот комитет ги разгледаа и одобрија договорите за ИПА грант со следниве општини: Чешиново Облешево, Сопиште,Новаци и Желино. Главниот координатор на проектот Г-ѓа Патлиџанковска објасни дека како одговор на ИПА повикот објавен од страна на Министерството за финансии, Општина Чешиново Облешево доставле три проекта, од кои предмет на овој договор за ИПА грант се два „Изведба на бунар за подобрување на водоснабдување на с. Спанчево со изведба на цевковод за поврзување на бунарот со резервоар" и „Изградба на улица Стојан Јакимов и крак 1 на улица Стојан Јакимов – с. Теранци". Исто така Општина Сопиште конкурирале со три проекти и тоа Изградба на пешачка патека – тротоар на ул.1 во населеното место Долно Соње, Реконструкција на мултинаменски спортски терен во населеното место Ракотинци (Ветрила) и Изградба на детска градинка. Овој договор за ИПА грант се однесува само на проектот „Изградба на детска градинка", додека пак другите два проекти се во тендерска постапка.Општина Новаци има аплицирано за користење на грант средства со проект за Изградба на мултифункционално игралиште во с. Долно Агларци. Општина Желино има аплицирано за користење на грант средствата со проектот за Набавка на трактор со следната опрема: цистерна, приколка и мулчер кој ќе се набави за потребите на јавното претпријатие „Мирмбајтја" и ќе биде употребуван за одржување на јавните патишта, јавната чистота и зелените површини на територијата на општина Желино.

**05.05.2017**

## Одржан работен состанок помеѓу АДКОМ, ЗЕЛС и Проектите „Реформи во системот на водоснабдување, собирање и прочистување на урбаните отпадни води на локално и централно ниво"

Во просториите на ЗЕЛС на 05.05.2017 година се одржа работен состанок на кој присуствуваа Г-дин Санен тим лидер на проектот Реформи во системот на водоснабдување, собирање и прочистување на урбаните отпадни води на локално ниво – Ептиса и партнерите во конзорциум СЕТЕК и ГЕИНГ, Г-дин Волф тим лидер на проектот Реформи на секторот води на централно ниво – конзорциум предводен од – НИРАС, Г-дин Спасовски Претседател на АДКОМ и Г-ѓа Карамиха Петрушева од АДКОМ, Г-ца Перишиќ и Г-ѓа Серафимова од ЗЕЛС. Пред Извршниот Директор на ЗЕЛС тим лидерите на двата проекта ги претставија активностите кои ги имаат во склоп на проектите на локално и централно ниво и активностите поврзани со изработка на бизнис планови на ЈКП кои се дел од двата проекта. Претседателот на АДКОМ ги запозна претставниците од ЗЕЛС дека и АДКОМ е во процес на изработка на бизнис планови на шест ЈКП,активност која АДКОМ ја реализира во рамките на проектот и заедничката соработка со IAWD – Меѓународната асоцијација на водоснабдителни компании од дунавскиот регион.На овој состанок Г-ца Перишиќ од страна на Г-дин Санен беше запознаена со одржување на еднодневниот форум за регионализација на водниот сектор и воедно поканета да учествува на истиот со оглед на тоа дека ЗЕЛС е асоцијација на единиците на локалнта самоуправа во Р.М.

09.05.2017

## Состанок на Комисија за паркови и зелени површини на АДКОМ

На одржаниот состанок членовите на комисијата за паркови и зелени површини на АДКОМ кој се одржа во просториите на извршната канцеларија на АДКОМ дискутираа околу обврските кои ги имаат како вработени во секторот за паркови и зелени површини поради пролетната сезона, но не се соочуваат со никакви тековни проблеми што би биле предмет на дискусија. Тековните проблеми во секторот, членовите на комисијата, сметаат дека се интерни проблеми на ЈКП кои се поврзани со наплата и набавка на механизација. Изготвувањето на програмата за работа на комисијата ќе биде пролонгирано за следниот состанок од технички причини. За следниот состанок претседателот на комисијата ќе ја изготви предлог програмата за работа за 2017, а останатите членови ќе дадат свои предлози и идеи кои дополнително ќе бидат вметнати во програмата. Во делот на измена на одредени членови од Законот за зеленило, членовите на комисијата предложија да се изготви измена на член 3 став 2 од постоечкиот закон. Со оваа измена членовите на комисијата сметаат дека ЈКП ќе бидат во целост заштитени во извршување на тековните активности. Предлогот ќе биде доставен до членовите на правната комисија на АДКОМ за разработување и истиот да биде испратен како предлог до изготвувачот на законот – Министерството за транспорт и врски на Р. Македонија.

09.05.2017

## Состанок на Комисија за човечки ресурси на АДКОМ

Членовите на комисијата за човечки ресурси на АДКОМ состанокот го одржаа на 09.05.2017 година во просториите на Извршната канцеларија на АДКОМ. На состанокот од страна на присутните беа разгледувани тековните проблеми во секојдневното работење и како најгорливи беа наведени: објавувањето на огласи за вработување во овој период и која е процедурата за истите. Членовите на комисијата по размена на меѓусебните мислења се сложија АДКОМ да организира еднодневна работилница на која меѓусебно ќе бидат споделени искуствата во делот на изготвување на правилник за плати, изготвување на правилник за вработување и начинот за постапување за дисциплинска постапка. Присутните се договорија на работилницата своите искуства да ги споделат вработените од ЈКП Комуналец – Струмица и ЈКП Водовод и канализација – Прилеп од причина што истите ги применуваат горенаведените правилници и со цел да го споделат своето искуство со останатите ЈКП кои имаат потешкотии во примена на истите. Членовите на комисијата во делот на пристигнатите прашалници за проценка на потребите од обуки во ЈКП се сложија деке е потребно да се изготви листа на обуки на квартално ниво за 2017 година и истото ќе се доработи на следен состанок на комисијата.

10.05.2017

## Состанок на Комисија за правни работи на АДКОМ

Членовите на комисијата за правни работи на АДКОМ состанокот го одржаа во Извршната канцеларија на АДКОМ на 10.05.2017 година. Присутните на состанокот го разгледаа доставениот материјал од страна на членовите на Комисијата за комунална хигиена на АДКОМ за измена на постоечкиот Закон за управување со отпад. По разгледување на материјалот и куста дискусија членовите на комисијата за правни работи на АДКОМ ја задолжија стручната служба да го изготви предлог текстот и дописот со измените да биде доставен до МЖСПП и до Државниот инспекторат за животна средина на Р.М. Согласно изготвувањето на план за работа и обуки на комисијата за 2017 година на квартално ниво присутните ги дадоа следните предлози за обуки: Обука за Закон за работни односи согласно измените, Обука за Закон за медијација, Обука за закон за заштита од укажувачи, Обука за работни компетенции, Обука за Закон за укажувачи и Обука за Закон за мобинг. Вработените во Извршната канцеларија на АДКОМ за следниот период ќе треба да изработат план за одржување на обуките и навремено да ги известат членките на АДКОМ. Исто така на овој состанок членовите на правната комисија побараа Извршната канцеларија на АДКОМ да организира еднодневна работилница во врска со примена на Законот за нотаријат и Законот за извршување од причина што во тековното работење во делот на годишното тужење на должниците ЈКП се соочуваат со големи проблеми.

## 10.05.2017

## Состанок на Комисија за водоснабдување и канализација на АДКОМ

Состанокот на Комисијата за водоснабдување и канализација на АДКОМ беше одржана на 10.05.2017 година во Извршната канцеларија на АДКОМ. На овој состанок покрај членовите на Комисијата присуствуваа и Г-дин Димитров консултант од проектот Реформи во системот на водоснабдување, собирање и прочистување на урбаните отпадни води на локално ниво – Ептиса и партнерите во конзорциум СЕТЕК и ГЕИНГ и Г-дин Вртески надворешен консултант на АДКОМ. На состанокот присутните дискутираа согласно изготвувањето на мислење по однос на Предлог – Правилник за начин и постапка за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга. По разгледување на дадените предлози од страна на присутните вработените во Извршната канцеларија на АДКОМ беа задолжени да ги сублимираат и да ги достават до Регулаторната комисја за енергетика на Р.М. Воедно на овој состанок беше разгледана и се дискутираше по однос на предлог методологија за определување на тарифите за водна услуга. Членовите на комисијата изготвија одредени измени кои ќе бидат доставени до РКЕ и предлог листа на индикатори. Следниот состанок членовите на комисијата го закажаа за почетокот на месец јуни.

## 11.05. 2017

## Прв национален форум за регионализација на секторот води

Во организација на проектот ʼРеформи во системот на водоснабдување,собирање и прочистување на урбаните отпадни води на локално ниво во соработка со Делегацијата на Европската Унија, Министерството за финансии (ЦФСД) и Министерство за животна средина и просторно планирање на 11.05.2017 година се одржа ʼʼПрвиот национален форум за реорганизација на секторот водиʼʼ во Сити хол во Скопје. Поканети учесници на форумот беа ЈКП кои се дел од проектите – Реформи на секторот води на централно ниво – конзорциум предводен од – НИРАС и проектот Реформи во системот на водоснабдување,собирање и прочистување на урбаните отпадни води на локално ниво – Ептиса и партнерите во конзорциум СЕТЕК и ГЕИНГ. На форумот од страна на АДКОМ присуствуваа Г-дин Спасовски и Г-ѓа Карамиха Петрушева. Целта на организација на овој форум беше запонзвање на присутните со можноста за реорганизација на секторот води во Р.М. опциите за разделување, регионализација, меѓуопштинската соработка и комерцијализација. Од страна на консултантите на проектот преку презентации беше дадена оценка на тоа како услугите за вода и отпадни води може да бидат одделени од останатите комунални услуги и како испораката на услигите може да биде регионализирана и комерцијализирана. На форумот беше констатирано дека ЈКП во најголем дел имаат ниски тарифи и недоволни инвестиции. Од страна на презентерите беа претставени меѓународните искуства за начинот на регионализација во Романија, Бугарија и Косово.

## 12.05.2017

## Подготвителна седница на Регулаторната комисија за енергетика на Р. Македонија

На покана на Регулаторната комисија за енергетика на Р.Македонија на 12.05.2017 годиа во просториите на Стопанската комора на Р.М беше одржана подготвителната седница на која беа презентирани предлог – Правилникот за начин и постапка за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга и предлог – Методологија за определување на тарифите за водна услуга. На седницата присуствуваа претставници од ЈКП, претставници од водостопанските претпријатија како и претставници од проектите Реформи на секторот води на централно ниво – конзорциум предводен од – НИРАС, проектот Реформи во системот на водоснабдување, собирање и прочистување на урбаните отпадни води на локално ниво – Ептиса и партнерите во конзорциум СЕТЕК и ГЕИНГ. На седницата присуствуваше претседателот на АДКОМ Г-дин Спасовски кој во името на членките на АДКОМ ги презентираше изготвените забелешки по одредени членови во предлог – Правилникот за начин и постапка за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга и во предлог – Методологија за определување на тарифите за водна услуга. Исто така членките на АДКОМ изготвија и одредени забелешки во индикаторите од методологијата. Од страна на стручниот советник во РКЕ Г-ѓа Неловска – Чучук на состанокот беше истакнато дека забелешките ќе бидат земени во предвид и беше посочено дека писмено ќе биде доставен одговор по однос на доставените забелешки до АДКОМ.

## 17.05.2017

## Конференција за одржливо управување со отпад на регионално ниво

На 17.05.2017 година во Скопје во Хотел Мериот од страна на проектот „Подготовка на потребни документи за воспоставување на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Пелагониски, Југозападен, Вардарски и Скопски регион" во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање на Р.М се одржа еднодневна конференција на тема: „Одржливо управување со отпад на регионално ниво". Конференцијата ја отвори и свое обраќање имаше раководителот на Одделот за инфраструктура, земјоделство и социјални политики во Делегацијата на Европска Унија, Г-дин Ди Вероли. Пред присутните се обрати Заменик министерот за животна средина и просторно планирање Г-дин Темелковски, кој во своето обраќање истакна дека активностите за спроведување на политиките за управување со отпадот во Република Македонија ќе придонесат кон подобрување на стандардите за управување со отпадот во нашата држава. Цел на проектот е да се постигне интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Пелагонискиот, Југозападниот, Вардарскиот и Скопскиот регион и да се подобри животниот стандард на приближно 1.200.000 жители од 43 општини од горенаведените региони кои моментално годишно произведуваат 330.000 тони отпад. Главна цел на одржување на конференција од ваков вид беше во делот на подигање на свеста за значењето на Интегрираните системи за управување со отпад и зголемување на видливоста на Проектот како и промовирање на политиките на ЕУ и проектите за отпад на МЖСПП.

## 19.05.2017

## Состанок на работната група на проектот Развој на националната студија за води

На 19.05.2017 година во просториите на ЕПТИСА се одржа состанок со членовите на работната група која е во состав на проектот – Развој на национална студија за води. На состанокот присуствуваа Претседателот на АДКОМ Г-дин Спасовски и Г-ѓа Карамиха Петрушева. Од страна на тим лидерот на проектот Г-дин Хант пред присутните беше претставена четвртата активност од проектот : Развој на специфични планови за имплементација на Директивата за урбани отпадни води и Директивата за води за пиење и активност 6 Развој на програма за водоснабдување и собирање и прочистување на отпадните води. Членовите на работната група беа запознаени и со краток преглед на изворите на финансирање во делот на видовите на извори, надлежните органи и корисниците.

## 26.05.2017

## Форум за реорганизација на секторот води и Работилница за споделување на добри практики од примена на Законот за вработување во јавните претпријатија

На 26.05.2017 година АДКОМ организираше едноденвен форум на кој присуствуваа вработени од ЈКП – членки на АДКОМ, претставници од Министертвото за транспорт и врски , претставник од МЖСПП – Сектор води како и консултант од Ептиса на проектот Реформи во системот на водоснабдување,собирање и прочистување на урбаните отпадни води на локално ниво – Ептиса и партнерите во конзорциум СЕТЕК и ГЕИНГ. На оваа тркалезна маса од страна на присутните се разви дискусија во делот на реорганизацијата на постоечкиот сектор за води каде присутните пред претставниците од ресорните министерства ги истакнаа своите ставови и мислења по однос на ова прашање. По конструктивната дискусија од страна на присутните беа донесени следните заклучоци кои во писмена форма ќе бидат доставени до членовите на Управниот Одбор на АДКОМ: ЈКП преку АДКОМ поактивно да се вклучат во трите проекти за водоснабдување, АДКОМ во името на ЈКП да поднесе барање за формирање на Агенција за води независно тело кое директно ќе одговара пред парламентот, која ќе биде одговорна за целиот сектор води и сите проекти и инвестиции ќе бидат спреоведувани преку оваа Агенција, да биде побарано од МЖСПП

преку ИПА да се изработи подземен катастар за сите општини, извештаите од управните одбори (steering comity) од сите три проекти од страна на АДКОМ да се испраќаат до ЈКП членки на АДКОМ за евентуални коментари, во врска со идејата за регионализација преку АДКОМ да се извести МЖСПП и ЕПТИСА и да се организираат неколку работилници на кои ќе учествуваат сите ЈКП со цел да се слушне нивниот став и мислење и да се бара одобрување во делот на нивните активности.

Во вториот дел од работилницата вработените од ЈКП кои беа присутни беа во можност да разменат искуства преку размана на добри практики при примена на Законот за вработување во ЈКП. Претставник од ЈКП Комуналец Струмица пред колегите ги сподели искуствата кои тие ги имале во делот на начинот на изготвување на планови за вработување, постапката при начинот на вработување и примена на правилникот за дисциплинска постапка. Претставникот од ЈП Водовод и канализација Прилеп пред присутните го претстави целиот процес при начинот на реализација на постапката за вработување на даватели јавни услуги и административни службеници.

**30.05.2017**

## Состанок на работна група од проектот – Реформи на секторот води на централно ниво – конзорциум предводен од – НИРАС

Состанокот на работната група во состав на проектот – Реформи на секторот води на централно ниво – конзорциум предводен од – НИРАС одржа работен состанок на кој од страна на консултантот Г-дин Нешовски беа претставени нацртите на Стратегијата за информирање и комуникација (2017 – 2019) , Оперативниот план 2017 и Ситуациската анализа. Согласно претставената стратегија за информирање и комуникација улогата на АДКОМ е замислена да биде во делот на координирање на активности за комуникација меѓу ЈКП, дисеминација на информации меѓу ЈКП и соработка со МЖСПП, Општините и ЈКП кои ќе треба да се вклучат во реализација на клучните пораки во однос на реформите во секторот за вода на локално ниво.

**31.05.2017**

## Консултативна работилница за примана на Законот за извршување и Законот за нотаријат

На 31.05.2017 година АДКОМ организираше еднодневна работилницата на тема Закон за извршување и Закон за нотаријат на која присуствуваа и учествуваа претставници од јавните комунални претпријатија во Р. Македонија претставници од Коморатa на извршители на Р. М. и Адвокатската комора на Р.М. Целта на организирање на оваа работилницата беше да се разјаснат и дообјаснат одредени нејаснотии кои се појавија од моментот на отпочнување на примена на горенаведените закони од страна на нотарите, извршителите и адвокатите. Пред присутните се обрати претставникот од Комората на извршители кој даде сликовит приказ на тоа како треба да се поднесува барање за вонсудска наплата до КИРМ преку веб страната на комората. Беа поставени повеќе прашања од страна на вработените во јавните комунални претпријатија како кон претставникот од КИРМ така и кон претставникот од адвокатската комора. На крајот на работилницата беше донесен заклучок правната комисија на АДКОМ да одржи состанок на кој ќе биде изготвен текст во форма на барање за правно толкување на одредбите од Законот кои го третираат рокот за застарување и да се поднесе до Законодавно правната комисија при Собранието на Р.М.

# ФОТО ГАЛЕРИЈА












































## 05-10.06.2017

## Студиска посета Лисабон -Португалија

Во организација на проектот Национална студија за води беше организирана и реализирана студиска посета во Португалија во период од 05 до 10.06.2017 година. Претставник од АДКОМ на ова студиско патување беше Г-дин Спасовски кој е член на Управниот комитет на проектот. На оваа студиска посета беа реализирани посети во тамошното Министерство за екологија, посета на Асоцијацијата на води на Португалија и состанок со претставници од Регулаторната комисија. Учесниците на ова студиско патување беа запознаени со поставеноста и начинот на работа на комуналните претпријатија при што беа разменети искуства во работењето. Во рамките на студиското патување учесниците при посетите беа запознаени со спроведените реформи во водниот сектор во Португалија. Воедно беше реализирана и посета на пречистителна станица во Порто.

## 06.06.2017

## Обука за изработка на програми за управување со отпад

На 06.06.2017 година во Скопје Хотел Порта беше организирана и се одржа еднодневна обука за изработка на Програми за управување со отпад. Оваа обука е прва во серијата обуки кои ќе следат согласно изготвената листа на обуки од страна на членовите на Комисијата за комунална хигиена на АДКОМ. На обуката присуствуваа вработени од ЈКП во секторите за комунална хигиена и во првиот дел од работилницата беа запознаени со законската регулатива и обврските кои произлегуваат согласно Законот за управување со отпад од страна на обучувачот Г-ца Апостолова. На обуката присутните беа запознаени и дискутираа за правата и обврските на ЈКП во делот на собирање на индустриски отпад , ставот и начинот на рециклирањето и низа други активности од оваа област. На обуката Г-дин Дојчиновски-претседател на Комисијата за комунална хигиена на АДКОМ пред присутните ја презентираше програмата на ЈКП Комуналец Битола и беа споделени искуства со присутните колеги за начинот како тие да ги изготват своите програми за управување со отпад.

## 08.06.2017

## Обука за пропишани заштитни зони околу изворите, бунарите, каптажите и резервоарите

На 08.06.2017 година во Скопје – хотел Холидеј Инн се одржа првата обука на Комисијата за контрола и обработка на вода на АДКОМ. Обуката за пропишани заштитни зони околу изворите, бунарите, каптажите и резервоарите е прва од изготвената листа на обуки која ја предложија членовите на комисијата за контрола и обработка на вода на АДКОМ. Обуката ја водеше проф. др. Кочубовски. Во првиот дел од обуката проф.др. Кочубовски пред присутните ги наведе законските прописи за водата за пиење во делот на физиолошкото значење на водата, болести поврзани со водата и оптоварување со болести, изворите на хемиската контаминација , пристапот до чистата вода за пиење и иднината на водата во Р.Македонија. Во вториот дел присутните го разгледуваа и дискутираа по однос на Правилникот за безбедност на водата бр.46 / 2008 и начинот на работа согласно истиот.Присутните од страна на прф.др.Кочубовски на оваа обука беа запознаени со предлогот на новите правилници за вода за пиење и тоа: Правилник за безбедност на водата за пиење, правилник за методологијата, поблиските услови за објектите, опремата и стручниот кадар, начинот и постапката за мониторниг на безбедност на водата наменета за консумирање од страна на човекот, правилник за опремата и стручниот кадар на правните и физичките лица кои вршат снабдување со вода наменета за консумирање од страна на човекот, честината и методологијата за вршење на дезинфекција на водата. Најголем дел од дискусиите беа во делот на заштитните зони и начинот на изготвување на елаборатите за заштитните зони. По презентацијата од страна на проф.др. Кочубовски присутните заклучија дека во рок од седум дена до Извршната канцеларија на АДКОМ ќе испратат меил со забелешки и коментари во врска со новиот правилник кој е во изработка.Извршната канцеларија на АДКОМ пристигнатите коментари и забелешки ќе ги сублимира и во името на своите членки ќе испрати допис до Агенцијата за храна и ветеринарство и Министерство за здравство на Р.М.

## 14.06.2017

## Работилница за одговорните лица во ЈКП за собирање , пополнување и контрола на податоците во DANUBIS-DCM порталот

АДКОМ на 14.06.2017 година за своите членки организираше еднодневна работилница на која учествуваа одговорните лица во ЈКП кои се назначени за собирање, пополнување и контрола на податоците во DANUBIS-DCM порталот. Оваа работилница беше организирана со цел да се овозможи оние ЈКП кои не учествуваа на претходните обуките да ги обучат своите вработени кои ќе ги одредат за собирање и анализа на податоците. Оваа работилница е последна од серијата работилници кои АДКОМ ги одржа во изминатиот период а се дел од активностите на АДКОМ во рамките на заедничката соработка со IAWD – Меѓународната асоцијација на водоснабдителни компании од дунавскиот регион, Светската Банка, ЕУ Проектот за реформа на системот за В&ОВ на локално ниво и Регулаторната комисија на РМ, за одредување на одговорни лица во ЈКП и нивна обука за собирање на податоци и користење на DANUBIS-DCM порталот како поддршка на бенчмаркингот во Р. Македонија. Учесниците на оваа работилница во првиот дел беа запознаени со системот за управување на податоци во DANUBIS-DCM – развој на капацитетите на ЈКП за подобрување на ефикасноста на комуналните услуги. Во вториот дел од работилницата учесниците преку практична вежба работеа на внесување и контрола на податоците во регионалниот портал за управување со податоци.

15.06.2017

## Работен  состанок со претставник од Делегација на ЕУ

Во Извршната канцеларија на АДКОМ по пристигнатото барање од страна на претставникот на делегацијата на Европската Унија Г-дин Пајарскас на 15.06.2017 год. беше одржан работен состанок на кој присуствуваше Г-дин Спасовски-Претседател на АДКОМ. На состанокот се разговараше согласно евалуацијата на влијанието на ИПА фондовите за поттикнување на реформите во секторот за животна средина и енергија согласно кој ќе бидат оценети бројните проекти кои се спроведуваат во Р.Македонија.  Г-дин Пајарскас беше запознаен дека АДКОМ е вклучен во неколку проекти во кои има член во Управните комитети и на кои редовно се присуствува и воедно се следат сите активности при нивно спроведување. Претседателот на АДКОМ Г-дин Спасовски беше интервјуиран во делот на спроведување на активностите на проектите во делот на релевантноста, напредокот и досегашните достигнувања и даде свое видување во делот на работењето на проектите.

15.06.2017

## Триесетивтора седница на У.О на АДКОМ

На 15.06.2017 год во Скопје се одржа триесетивтората седница на Управниот Одбор на АДКОМ. На оваа седница членовите на Управниот Одбор ги разгледаа и дискутираа реализираните активности на Извршната канцеларија на АДКОМ. Во текот на седницата беше дискутирано во делот на донесените заклучоци од одржаната тркалезна маса на тема реорганизација на секторот води по што присутните ја задложија Извршната канцеларија на АДКОМ на почетокот на септември да организираат состанок со МЖСПП на кој ќе бидат презентирани активностите на АДКОМ. Во делот на реорганизација на секторот присутните предложија во иднина да се организираат тркалезни маси на оваа тема со цел претставниците на ЈКП да ги истакнат своите ставови согласно реорганизација на водниот сектор во иднина. Членовите на Управниот Одбор по однос на одржаната работилница за Законот за нотаријат и Законот за извршување го разгледаа и одобрија  заклучокот од работилницата. На седницата беа дадени извештаи за одржаниот работен состанок во Белград во организација на ГИЗ ОРФ за асет менаџмент и реализираната студиската посета на Португалија во организација на проектот Национална студија за води. На триесетивтората седница беа разгледани и одобрени планираните обуки кои Извршната канцеларија на АДКОМ ќе започне да ги реализира од септември оваа година.

27 и 29. 06.2017

## Работилница за одговорните лица во ЈКП за изработка на Бизнис плановите и нацрт – плановите за прилагодување на тарифите за водните услуги

Во рамки на проектот за  бизнис планирање на 27 и 29.06.2017 год. АДКОМ организираше и одржа две работилници за шесте ЈКП на кои им се дава директна поддршка во изготвувањето бизнис планови (ЈКП Никола Карев – Пробиштип, ЈКП Комуналец—Неготино, ЈКП Комуна – Ново Село, ЈКП Комуналец—Свети Николе, ЈКП Долнени – Долнени, ЈКП Комуна – Крушево). Ангажираните консултанти за овој проект поединечно со претставниците од ЈКП работеа детално на содржината на бизнис планот за водни услуги, при што детално се разработуваа дадените податоци од страна на ЈКП. Присутните на работилниците работеа на корекција на пополнетите табели во делот на планот за прилагодување, вкупните трошоци, приходите од водните услуги, услугите за поддршка, регулираниот приход, основните средства , основните средства за базната година и други податоци. Исто така на овие две работилници се работеше на подобрување на драфт верзиите за подготвената содржина на бизнис плановите како и дадените технички информации.

29.06.2017

## Работилница за консолидирање на техники при истражување во организација на ГИЗ ОРФ

Втората работилница насловена како – Работилница за консолидирање на техники при истражување во организација на ГИЗ ОРФ беше одржана на 29 и 30.06.2017 во Загреб на која беа поканети и присуствуваа претставници од Aquasan , IAWD, NALAS како и други инволвирани страни во реализација на проектот. Претставници од АДКОМ беа Претседателот на Управниот Одбор на АДКОМ Г-дин Спасовски и членот на У.О на АДКОМ Г-дин Ѓорѓевски. Оваа работилница е дел од низата работилници кои ќе бидат организирани во периодот кој следува. На работилницата од страна на предавачите беа презентирани прввичните наоди од студијата на пазарот и SWOT анализата за четирите производи- неприходна вода, управување со средства, систем за поддршка и се дискутираше за следната клучна фаза во делот на бизнис планирање. На учесниците на работилницата им беа презентирани и работа на следните теми: прелиминарни наоди од пазарни студии, се дискутираше за асет менаџмент при првичните наоди поврзани со извршените пазарни студии во делот на управување со производ на средства. Од страна на претставникот на НАЛАС пред присутните беше претставен системот за поддршка и планирање на инвестиции како и системот за планирање на инвестиции. Во делот на неприходната вода беа презентирани начинот на внес и студиите поврзани со неприходната вода. По испраќање на заклучоците од работилницата Извршната канцеларија на АДКОМ истите ќе ги сподели со своите членки.

29.06.2017

## Состанок на членовите на работната група од проектот Развој на Националната студија за вода

Во просториите на ЕПТИСА на 29.06.2017 година се одржа состанок на членовите на работната група која е во склоп на проектот за развој на националната студија за вода. Како претставник на АДКОМ и член на работната група присуствуваше Г-дин Божиновски од ЈП Водовод и канализација Скопје. Целта на организирање на состанокот беше претставување на прогресот на проектните активности пред членовите на работната група. На состанокот беа разгледани и се работеше на две активности и тоа: Активност 4: Развој на специфични планови за имплементација на Директивата за урбани отпадни води и Директивата за води за пиење, и Активност 6: Развој на програма за водоснабдување и собирање и прочистување на отпадни води.

# ФОТО ГАЛЕРИЈА



















**06.07.2017**

## Координативен состанок на Проектите за реформи на локално и централно ниво, Проект за развој на национална студија за води и АДКОМ

Во канцелариите на проектот за Реформи на секторот води на централно ниво— конзорциум предводен од – НИРАС на 06.07.2017 година беше одржан координативен состанок на кој присуствуваа тим лидерите на проектот Реформи во системот на водоснабдување,собирање и прочистување на урбаните отпадни води на локално ниво – ЕПТИСА и партнерите во конзорциум СЕТЕК и ГЕИНГ предводен од Г-дин Санен, претставници од проектот Национална студија за води -Г-дин Хант и проектот Реформи на секторот води на централно ниво - конзорциум предводен од – НИРАС предводен од Г-дин Волф. На овој состанок како претставници од АДКОМ присуствуваа Г-ѓа Карамиха – Петрушева и Г-дин Вртески. Целта на одржување на овој состанок беше да се споделат меѓусебните искуства во начинот на изготвување на бизнис плановите. Координативниот состанок го водеше Г-дин Хант кој преку презентација ги запозна присутните со разликите при проекциите кои се однесуваат на населението изготвени од страна на Проектот на централно ниво, запознавајќи ги учесниците на состанокот дека проектот на локално ниво ги користи т.н NWS проекции во бизнис планот и истакна дека во текот на работењето се покажало дека не е практично да се менува пристапот во оваа фаза на изготвување на бизнис плановите. Претставникот од проектот Реформи на секторот води на централно ниво— конзорциум предводен од – НИРАС Г-дин Поповски даде свои видувања и забелешки во делот на изработката на бизнис плановите за седумнаест ЈКП кои ги изготвува нивниот проект. Од Г-дин Поповски претставниците на АДКОМ побараа да го сподели елабораторот за достапност на цената кој е испратен до РКЕ од нивната страна. Во делот на планираните инвестиции Г-дин Хант наведе дека се применуваат само краткорочните инвестиции за период 2018-2020 год. На крајот на состанокот присутните беа запознаени со следната фаза на проектите во состав на ЕПТИСА и предлог можноста трите проекти да ги интегрираат своите пакети за обука и истите да ги предадат на АДКОМ. Воедно присутните се сложија дека е потребно да се изготви Национална програма за 2018 година и да се превземат активности во делот на покренување на иницијатива за истата и можноста за реконструирање на националниот совет за вода. Г-ѓа Иванова од МЖСПП ги задолжи тим лидерите на трите проекти до 15.09.2017 година да бидат подготвени за презентација на изготвени бизнис планови за ЈКП кои се дел од нивните проекти.

## 10 -14 .07.2017

## Студиска посета во Полска

Во организација на проектот Реформи на секторот води на централно ниво– конзорциум предводен од – НИРАС беше реализирана петдневна студиска посета во Полска на која беа поканети претставници од седумнаесет ЈКП кои се дел од овој проект. На студиската посета како претставник на АДКОМ и воедно член на Управниот комитет на проектот присуствуваше Г-дин Спасовски. Во текот на оваа посета беа реализирани низа средби и состаноци меѓу кои беше состанок во тамошното Министерство за екологија и претставници на националниот борд за управување со води на Полска.На овој состанок учесниците на студиската посета беа запознаени со начинот на кој функционира водниот сектор во Полска и начинот на работа на ЈКП. Во делот на работењето на регулаторот во Полска беше претставен начинот на кој се воспоставил регулаторот за вода, регулативите за екологија и економија, политиката на секторот вода и цените на води и принципите на наплата на водни услуги. Во рамките на оваа студиска посета беше и посетата на ЈКП во Радом каде пред присутните беше презентирана работата на јавното претпријатие , финансиските аспекти, цените и бизнис планот на ЈКП. Учесниците на оваа студиска посета имаа можност да се сретнат со претставниците на комората на ЈКП во Полска. При оваа работна средба беа претставни начинот на работата на комората , улогата на комората при формирање на цената за вода и политиката на цената за вода. Учесниците на ова студиско патување имаа можност да разменат искустава во делот на работењето и функцинирањето со колегите од тамошните ЈКП.

## 14.07.2017

## Завршна конференција на проектот Развој на капацитети за бизнис планирање

На 14.07.2017 година во Скопје на Скопски саем АДКОМ ја организираше завршната конференција на Проектот "Развој на капацитети за бизнис планирање", кој е поддржан од страна на Меѓународната асоцијација на водоснабдителни компании од дунавското сливно подрачје (IAWD) а беше во функција на поддршка на ЈКП за водоснабдување во изработката на Бизнис планот и Планот за прилагодување на тарифите. На конференцијата присуствуваа Г-ѓа Волф претставник од IAWD, претставници од Регулаторната комисија за енергетика на Р.М , претставник на GIZ ORF MMS, претставници од ЕПТИСА и вработени во ЈКП. Во овој проект АДКОМ даде директна поддршка на шест ЈКП (ЈКП Никола Карев – Пробиштип, ЈКП Комуналец– Неготино, ЈКП Комуна – Ново Село, ЈКП Комуналец– Свети Николе, ЈКП Долнени – Долнени, ЈКП Комуна – Крушево) при изработка на нивните бизнис планови и планови за преодни тарифи. Настанот го отвори претседателот на Надзорниот Одбор на АДКОМ Г-ѓа Лазова која изрази благодарност до претставникот на IAWD за подршката и реализацијата на овој прокет. Пред присутните свои обраќања имаа Г-дин Мирта Раководител на секторот води во МЖСПП, Г-дин Ељмази претставник од РКЕ на Р.М и Г-ѓа Волф од IAWD. Во продолжение Г-ѓа Волф од IAWD ги презентираше активностите кои ги има IAWD за поддршка на асоцијациите и ЈКП во регионот. Учесниците на настанот од страна на Извршниот Директор на АДКОМ Г-ѓа Стојановска беа запознаени со текот на активностите кои беа спроведувани при реализација на проектот за развој на капацитетите за бизнис планирање за шест ЈКП. Од страна на консултантот Г-дин Вртески беа презентирани процесот за бизнис планирање и начинот на изработка на бизнис плановите а од страна на и проф.др. Ангелова беше претставен планот за прилагодување на тарифите. Претставници од ЈКП Никола Карев од Пробипштип Г-дин Миновски и Г-ѓа Ефремова Трајковска од ЈКП Комуна Крушево кои директно работеа во изготвување на бизнис плановите на своите ЈКП ги презентираа искуствата пред присутните на овој настан. Учесниците на овој настан беа запознаени со идните активностите кои IAWD ќе ги има за градење на капацитетите на ЈКП во кои АДКОМ како членка на IAWD ќе биде вклучен. По одржаните презентации за спроведување на проектот и проблемите со кои се соочија ЈКП во делот на изработка на нивните бизнис планови и планови за преодни тарифи како позначајни теми кои се развија во времето планирано за дискусија беа во делот на: промена на сметководствениот систем во насока на алокација на трошоците по трошковни центри, значењето на процесот на бизнис планирање, клуч за распределба на заедничките

трошоци приходи или др, процент на ликвидност – предлог на самото претпријатие, WACC – пренос на сопствени средства, разлики во цени, за максимални или минимални тарифи да одлучува самото претпријатие ,како да се определува тарифата и дали да се ограничи тарифата до определена количина – една тарифа е над друга и достапност на услуги—надоместокот за вкупните водни услуги да не е поголем од 3,2 % од приходите.

## 17.07.2017

## Работен состанок со претставник од Проектот за подобрување на општинските услуги МСИП

Во Извршната канцеларија на АДКОМ на 17.07.2017 год Извршниот Директор на АДКОМ Г-ѓа Стојановска одржа работен состанок со Главниот координатор на координативниот комитет на Проектот за подобрување на општинските услуги – МСИП Г-ѓа Патлиџанковска. Целта на оваа работна средба беше подетална презентација на danubis-dsm порталот. Г-дин Вртески во куса презентација ја запозна Г-ѓа Патлиџанковска во делот на функционирање на порталот можностите за внес , анализа ,чување и печатење на податоците. При презентација на порталот пред Г-ѓа Патлиџаковска беше разгледана можноста вработените во ЈКП податоците кои ги внесуваат за IBNET да ги внесуваат преку DSM платформата наместо пополнување на ексел табелите како до сега. Од страна на Главниот координатор на МСИП беа истакнати активностите кои се имплементираат во моментот и можноста за меѓусебна соработка. На состанокот се дискутираше и беа разгледувни начините со кои Светска Банка би можела да го поддржи процесот на пополнување на податоци во DSM од страна на ЈКП.

## 19.07.2017

## Работилница – Презентација на идните политики и идентификувани инвестиции за управување во Секторот води, потребни за усогласување со директивите на ЕУ

Во организација на МЖСПП, Министертвото за финансии и Делегацијата на Европска Унија во Скопје на 19.07.2017 год во хотел Мериот беше одржана работилница на тема : Презентација на идните политики и идентификувани инвестиции за управување во Секторот води, потребни за усогласување со директивите на ЕУ. На оваа работилница беа поканети претставници од релевантни министерства, донатори ,ЕЛС и вработени во ЈКП. Целта на одржување на работилницата беше презентирање на идните политики за управување во секторот води со главен фокус на индикаторите за управување со водите. Во текот на работилницата беше презентирана дата базата на проекти, идентификуваните инвестициски трошоци за исполнувањето на главните барања на Директивата за вода за пиење и на Директивата за третман на урбаните отпадни води (DSIPs) и беа идентификувани можните извори на финансирање. Пред присутните беше презентиран предлогот на критериуми за приоритизација на проекти кои ќе бидат имплементирани во пократок и подолг временски период и беше презентирана временската рамка за имплементација врз основа на трошоците за имплементација и финансиските можности.

## 20.07.2017

## Состанок на Управниот комитет на проектот Подготовка на проектни студии (FSs, EIAs, CBAs) дизајн и тендерска документација за воспоставување на интегрирано и финансиски самоодржливо управување со отпадот- Систем во Источен и Североисточен регион

Во проектната канцеларија на ЕПТИСА на 20.07.2017 година беше одржан последниот состанок на членовите на Управниот комитет на проектот. Пред членовите на комитетот на состанокот беше презентирана целокупнта постапка при реализација на проектот. Г-дин Ментиз заменик тим лидер на проектот ги презентираше релизираните цели во делот на подготовка на потребните проектни студии како техничка така и тендерската документација при изградба на избраните капацитети за третман и депонирање на отпадот, вклучувајќи ја и изработката на физибилити студјата, направените анализи на трошоци и продобивките за избраните локации за третман и депонирање на отпад за Источниот и Североисточниот плански регион. Исто така беа претставени студиите за изводливост, студијата за оцена на влијанието врз животната средина и анализите за трошоци и придобивки за воспоставување на интегрираниот и финансискиот самоодржлив систем за управување со отпад за двата региони. Присутните членови на управниот комитет беа запознаени со изготвените и одобрени ИПА апликации за тендерските досиеја за договори за работи за изградба на избраните капацитети за третман и депонирање на отпадот за источниот и североисточниот регион кои беа едногласно усвоени од страна на присутните членови на Управниот комитет.

## 25.07.2017

## Состанок на Управниот Одбор на Проектот–Реформи во системот на водоснабдување, собирање и прочистување на урбаните отпадни води на локално ниво – Ептиса и партнерите во конзорциум СЕТЕК и ГЕИНГ

На 25.07.2017 година во просториите на ЕПТИСА се одржа петтиот состанок на Управниот одбор на Проектот за реформи во водниот сектор на локално ниво каде беа презентирани минатите активности на проектот во врска со изработка на бизнис плановите и планот за преодни тарифи на 12 ЈКП кои се дел од овој проект и исто така беа презентирани и идните активности кои се планираат да бидат завршени до крај на проектот.

## 27.07.2017

## Состанок на Проектот—Реформи во водниот сектор на централно ниво конзорциум предводен од НИРАС

На 27.07.2017 година во просториите на НИРАС се одржа третиот состанок на Управниот одбор на Проектот за реформи во водниот сектор на централно ниво каде беа презентирани минатите активности на проектот во врска со изработка на бизнис плановите и планот за преодни тарифи на 17 ЈКП кои се дел од овој проект и исто така беа презентирани и идните активности кои се планираат да бидат завршени до крај на проектот.

# ФОТО ГАЛЕРИЈА



















## 17.08.2017

## Триесетитрета седница на Управен Одбор на АДКОМ

Триесетитретата седница на Управниот Одбор на АДКОМ се одржа на 17.08.2017 година во Скопје во просториите на ЈП Водовод и канализација Скопје. Членовите на Управниот Одбор на почетокот на седницата се запознаа со реализираните активности на Извршната канцеларија на АДКОМ помеѓу две седници. Присутните го проследија извештајот за завршениот проект "Развој на капацитети за бизнис планирање" кој АДКОМ го реализираше со поддршка на IAWD проект во функција на поддршка на шест ЈКП за водоснабдување за изработка на бизнис план и план за прилагодување на тарифите. На оваа седница присутните членови на У.О на АДКОМ разменија искуства во врска со проблемите со кои ЈКП се соочуваат кога се затвараат компании кои имаат долг кон ЈК, проблеми со плаќање на камата при заостаната уплата на ДДВ и данок на добивка. На оваа седница беа разменети искуства во врска со мандатите на членови на У.О и Н.О во Јавните комунални претпријатија и актуелните проблеми во комуналната дејност со предлози за делување од страна на членките на АДКОМ со изготвување на допис ди Владата на Р. Македонија.

## 21.08.2017

## Состанок на Управниот Комитет на Проектот Развој на националната студија за вода – ЕПТИСА

Во просториите на ЕПТИСА на 21.08.2017 година во Скопје се одржа состанок на членовите на Управниот комитет на проектот Развој на национална студија за вода. Од страна на Г-ца Тодороска Извршен Директор на ЕПТИСА пред присутните беше презентиран финалниот извештај на проектот кој ги вклучува следните реализирани активности: Институционален развој,Политика за вода, Агломерации и чувствителни области, Планови за имплементација на директиви , Стратешка рамка за мил, Инвестициона програма за вода и отпадни води и Градење на капацитети за управување со инвестициски проекти. Во текот на состанокот беа детално претставени и целта на проектот, преглед на секоја задача, обезбедените резултати, настаните (работни групи, работилници и обуки), одржливоста и конечните заклучоци и препораки. Членовите на Управниот комитет на оваа седница едногласно го одобрија финалниот извештај на проектот.

## 06.09.2017

## Работен состанок со претставници од Светска банка

Во Извршната канцеларија на АДКОМ на 06.09.2017 година беше одржан работен состанок на кој присуствуваа Г-ѓа Лопез Раководител на програма за инфраструктура во Светска Банка од Виена и Г-дин Габрич Специјалист за водоснабдување во Светска Банка. Целта на одржување на овој состанок беше утврдување на понатамошната соработка помеѓу IAWD– Меѓународната асоцијација на водоснабдителни компании од дунавското сливно подрачје и АДКОМ во секторот за водоснабдување. Од страна на АДКОМ беше претставена DSM платформата, активностите во делот на изработка на бизнис плановите и план за прилагодување на тарифите за шест ЈКП за кои АДКОМ доби поддршка од IAWD како и за планираните идни активности.

## 12-15.09.2017

## Студиска посета Милано , Италија

Во рамките на проектот Реформа на секторот води на централно ниво , согласно проектната задача беше реализирана студиска посета во Милано, Италија на која АДКОМ имаше свој претставник. Во рамките на студиската посета беа организирани состаноци со Регулаторот за водни услуги на Република Италија чиј претставници ја претставија улогата на Регулаторот во секторот вода и начинот на работа. Како дел од оваа стдиска посета беше одржан и состанок со претставници од Министертство за животна средина на Италија како орган кој управува со водите со делегацијата од Р.Македонија на кој состанок се презентираа начинот на работа и соработката помеѓу Регулаторот во делот на заштита на животната средина. Исто така дел од студиската посета беше и посета на пречистителна станица во Бреша каде компанијата A2A SpA која управува со пречистителната станица беше домаќин на делегацијата од Р. Македонија. На работниот состанок присутните беа запознаени со инвестицискaта стратегија на комапнијата и начинот на управување со мрежата на отпадни води.

## 13.09.2017

### Завршна конференција на проектот—“Подготовка на проектни студии (СИ, ОВЖС, АТП) и на проектна и тендерска документација за воспоставување интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпадот во источниот и североисточниот регион”

Во организација на Министертството за животна средина и просторно планирање на Р. Македонија и конзорциумот ЕПТИСА и ЕПЕМ на 13.09.2017 година во Скопје во просториите на ЕУ Инфо центарот беше организирана и се одржа завршната конференција на проектот “Подготовка на проектни студии (СИ, ОВЖС, АТП) и на проектна и тендерска документација за воспоставување интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпадот во источниот и североисточниот регион”. На завршниот настан пред присутните беа претставени проектните резултати и беше споделена информацијата за усвоеното решение за управување со отпад во двата региони. Присутните беа запознаени со интер-регионалниот систем за управување со отпад и се отвори дискусија во делот на понатамошната имплементација на системот за управување со отпад.

## 14.09.2017

### Виена, Годишно Собрание на Меѓународната асоцијација на водоснабдителни компании од дунавското сливно подрачје (IAWD)

На 14.09.2017 година во Виена во организација на Меѓународната асоцијација на водоснабдителни компании од дунавското сливно подрачје (IAWD) беше одржано Годишното Собрание на кое АДКОМ имаше свој претставник. На Годишното собрание на IAWD поканетите учесници заеднички го оценија статусот на имплементација на D-LeaP и предизвиците во делот на самата имплементација. Од страна на присутните заеднички беа дефинирани начините за подобрување на имплементацијата и размена на искуствата за хабовите (HUB) и начинот на спроведување на најдобрата практика и знењата. На Годишното собрание на  IAWD беа избрани новите членови на Управниот одбор за период 2018 – 2021 година.

## 20.09.2017

### Состанок на Комисија за водоснабдување и канализација

Комисијата за водоснабдување и канализација на АДКОМ го одржа својот состанок на 20.09.2017 година во Извршната канцеларија на АДКОМ. Членовите на комисијата работеа согласно дневниот ред , дискутираа и донесоа заклучок во делот на листата со предлози за  специјалистички обуки и работилници и се сложија да бидат организирани следниве обуки : Обука за лепење на цевки, Обука за монтажа и демонтажа на разни видови на водомери, Обука за регулатори на притисок и Обуки за водомери со далечинско отчитување. По однос на втората точка за предлог тема за организација на предстоечката конференција 2018 годинакако најактуелни теми членовите на комисијата ги посочија следниве теми: Цени на водни услуги-искуства од Регулаторната комисија за енергетика ,Технологии за пречистување на отпадни води , Системи за собирање на отпадни води ,Филтер станици за вода за пиење , Законска регулатива во делот на водоснабдување и канализација. Присутните беа известени дека во тек е изготвување на  допис во форма на известување во името на сите ЈКП за моменталната состојба во ЈКП и предлози за надминување на проблемите, кој ќе биде испратен до Владата на Р.Македонија.

## 20.09.2017

## Состанок на Комисија за комунална хигиена на АДКОМ

На 20.09.2017 година членовите на Комисијата за комунална хигиена на АДКОМ одржаа работен состанок на кој членовите на комисијата се сложија во делот на изготвената листа на обуки за следниот период да се планираат следните работилници и обуки : Обука за Методи за анализа на состав и мерење на количини на отпад , Работилница за Законска регулатива за управување со отпад, правила за постапување со комунален и друг вид на неопасен отпад – права и обврски на правни и физички лица и работилница за регионални депонии(што се треба истата да содржи за правилно функционирање). Во врска со организација на меѓународната конференција во 2018 година присутните ги наведоа следните предлози за теми во делот на отпад : Регионално управување со отпад и Законска регулатива во делот на управување со отпад. Членовите на Комисијата за отпад на состанокот беа известени дека во тек е изготвување на допис во форма на известување во името на сите ЈКП за моменталната состојба во ЈКП и предлози за надминување на проблемите, кој ќе биде испратен до Владата на Р.М.

## 21.09.2017

## Состанок на Комисија за човечки ресурси на АДКОМ

Комисијата за човечки ресурси во склоп на АДКОМ одржа состанок на 21.09.2017 година во Извршната канцеларија на АДКОМ. На состанокот од страна на присутните за нов претседател на Комисијата беше избрана Г-ѓа Спанџова – Клинчарова од ЈКП Комуналец Кавадарци. На состанокот присутните беа запознаени во врска со барањето на АДКОМ за вклучување на член од АДКОМ во работната група за измени и дополнување на Законот за извршување и Законот за нотаријат и истото не е прифатено од Министерството за правда на Р.М. Присутните членови на комисијата во делот на организација и одржување на обуки за тековната 2017 година се сложија дека треба наскоро да се организира тркалезна маса на која ќе бидат презентирани измените на Законот за административни службеници а за останатите работилници и обуки ќе бидат испратени меилови до Извршната канцеларија на АДКОМ со одредени предлози за организација на истите. Членовите на Комисијата за човечки ресурси на АДКОМ го поддржаа изготвувањето и испраќањето на дописот до Владата на Р.М. сметајќи дека тоа е добар начин новоформираната Влада да биде запознаена со тековните проблеми кои ЈКП ги имаат во работењето и секојдневното функционирање.

## 21.09.2017

## Состанок на комисија за погребални услуги на АДКОМ

Во Извршната канцеларија на АДКОМ на 21.09.2017 година се одржа состанок на Комисијата за погребални услуги на АДКОМ на кој состанок од страна на присутните беше предложено на следниот состанок да се започне со изготвување на Иницијатива за изготвување на предлог нов Закон за гробишта и погребални услуги, поради одредени неусогласувања со Законот за комунални дејности кој е основа за работењето на ЈКП. Исто така членовите на комисијата дадоа предлог да биде разгледан Законот за јавни претпријатија и Законот за комунални дејности и забелешките согласно горенаведените закони да се препратат до АДКОМ со цел подготовка на допис во кој ќе се наведат предлог измените и преку АДКОМ да се достават до Министерството за транспорт и врски. Членовите на Комисијата за погребални услуги на АДКОМ дадоа поддршка за испраќањето на овој допис сметајќи дека тоа е добар начин новоформираната Влада на Р.М да биде запознаена со тековните проблеми кои ЈКП ги имаат во работењето и секојдневното функционирање. Членовите на комисијата предложија АДКОМ во наредниот период да организира посета на комунално претпријатие за погребални услуги во соседството со цел размена на искуства во начинот на тековното работење.

26 и 27. 09.2017

## Еднодневна работилница -Битола и Куманово

АДКОМ во соработка со проектот - Реформи во системот на водоснабдување, собирање и прочистување на урбаните отпадни води на локално ниво – Ептиса и партнерите во конзорциум СЕТЕК и ГЕИНГ организираа еднодневни работилници во Битола на 26.09.2017 година во Хотел Капри и 27.09.2017 година во Куманово во зградата на поранешен комитет. Целта на организирањето и одржувањето на овие работилници беше запознавање на вработените во ЈКП со подготовката на Стратегија за идна консолидација на обезбедување водни услуги во Република Македонија. Стратегијата ќе биде изготвена од страна на Проектот за реформи во системот за водоснабдување и ќе биде финансирана од ЕУ. Согласно оваа стратегија се предвидува дека во иднина нема да може да има повеќе од десет ЈКП даватели на водни услуги во земјата. Проектот ги анализираше опциите, придобивките и можните ограничувања за таквата стратегија првично во два региона: Пелагонискиот и Североисточниот плански регион. На работилницата во Битола од Пелагонискиот регион беа поканети претставници од : ЈП Водовод Битола, ЈКП Нискоградба Битола, ЈКП Пела Хигиена Могила,ЈКП Комунална хигиена Новаци, ЈКП Водовод и каналзиација Прилеп, ЈКП Пелагонија Кривогаштани, ЈКП Комуна Крушево, ЈКП Комуналец Демир Хисар и ЈКП Долнени Долнени. Во Североисточниот плански регион беа поканети претставници од : ЈП Водовод Куманово, ЈП Кратово Кратово , ЈКП Чист ден Ранковце, ЈКП Комуналец Крива Паланка и ЈКП Пиша Липково.

28.09.2017

## Триесетичетврта Седница на Управен Одбор на АДКОМ

Триесетичетвртата Седница на Управниот Одбор на АДКОМ се одржа на 28.09.2017 година во Скопје. На оваа седница пред присутните членови на Управниот Одбор беа презентирани реализираните активности во период помеѓу две седници на У.О. Од страна на присутните членови на Управниот Одбор беше донесена одлука за организација на меѓународна конференција во Април 2018 година и одлука за нов термин за организација и одржување на Годишно собрание на АДКОМ за 21-22 Март 2018 година. Извршниот Директор на АДКОМ ги запозна присутните со активностите за фомирање на Центар за знаење за ЈКП во рамките на АДКОМ. Присутните на оваа седница дискутираа и по однос на измена на статусот за надоместок на комунални сметки како јавна давачка и ја задложија Извршната канцеларија на АДКОМ да организира состанок на правната комисија на АДКОМ.

29.09.2017

## Работен состанок со претставник од МИОА

На 29.09.2017 година во просториите на Министерството за информатичко општество беше одржана работна средба на која присуствуваа Г-дин Санен-Тим лидер на проектот— Реформи во системот на водоснабдување, собирање и прочистување на урбаните отпадни води на локално ниво – Ептиса и партнерите во конзорциум СЕТЕК и ГЕИНГ, вработените од АДКОМ и Г-ѓа Чукиќ . На состанокот од страна на Г-ѓа Чукиќ беа претставени активностите кои АДКОМ во соработка со МИОА ги спроведе изминатата година согласно Законот за административни службеници.

## 04.10.2017

## Тркалезна маса во организација на проектот „Реформи во системот на водоснабдување, собирање и прочистување на урбаните отпадни води на локално ниво

Во хотел Солун во Скопје на 04.10.2017 година во организација на проектот „Реформи во системот на водоснабдување,собирање и прочистување на урбаните отпадни води на локално ниво – Ептиса и партнерите во конзорциум СЕТЕК и ГЕИНГ,, се одржа состанок – тркалезна маса на тема : Реорганизација во секторот води. Оваа тема е во согласност со дефинираните задачи на проектот кој работи и развива Стратегија за целосна реорганизција на секторот води. Фокусот на реализација на оваа активност е во делот на одделување, групирање и комерцијализација на водните услуги. При тоа посебна важност е поделбата и кластерирањето на услугите. На состанокот беа поканети и учествуваа претставници од Швајцарската амбасада во Р.Македонија, претставници од Европската делегација во Р.М , претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање на Р.М , од Министерство за транспорт и врски на Р.Македонија, ЗЕЛС и АДКОМ. На состанокот од страна на тим лидерот на проектот Г-дин Санен беа преставени нацрт препораките на политиките и патоказ за спроведување на можните реформи. Присутните дискутираа согласно дадените препораки и планот за имплементација на истите.

## 05.10.2017

## Состанок на Комисјата за економско правни работи на АДКОМ

Членовите на Комисијата за економско правни работи на АДКОМ одржаа состанок на 05.10.2017 година во Скопје. Членовите на комисијата на состанокот работеа и дискутираа по основ на изготвување на иницијатива за менување на статусот на наплата на комуналните сметки и се договрија по изготвување на дописот Иницијативата да биде испратена до Секретаријатот за законодавство како зеднички став на сите ЈКП. Присутните на состанокот расправаа согласно Законот за минимална плата и измените кои стапија на сила од 01.09.2017 година. По дискусијата која ја имаа членовите на правната комисија на АДКОМ се согласија дека треба да се спроведат измените со донесување на одлука на У.О при ЈП за зголемување на бодовите на таа категорија на вработени кои земаат плата која е под минималниот износ и да се изготват анекс на договорите или да се донесе Одлука на У.О при ЈКП за зголемување на платата на сите вработени за исти процент како и на вработените кои треба да го достигнат минималниот износ и да се изготви анекс на договорите. На состанокот по основ на веќе изготвениот допис до Бирото за јавни набавки за измена на постоечкиот Закон и негово повторно разгледување присутните се согласија дописот да биде испратен до Бирото за јавни набавки од страна на Извршната канцеларија на АДКОМ во име на сите членки.

## 05.10.2017

## Работилница – Запознавање со предложените измени во Законот за административни службеници

АДКОМ во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација организираше и одржа еднодневна работилница на 05.10.2017 година во Скопје – хотел Порта. Тема на работилницата беше запознавање со предложените измени во Законот за административни службеници чии измени се актуелни за вработените во јавните комунални претпријатија. Од страна на Г-ѓа Чукиќ – Раководител на одделението за подршка на јавниот сектор во МИОА, присутните беа запознаени со измените во Законската регулатива, деловите од Законот во кој се интервенирало, укинатите членови од постоечкиот Закон, постапката за вработување, унапредување и оценување. Во текот на работилницата присутните беа запознаени и со преодните и завршните одредби и актите за систематизација на работните места. Пред присутните од страна на Г-ѓа Чукиќ беа наведени и роковите кои треба да бидат запазени од страна на службите во ЈКП.

## 09.10.2017

## Прв состанок на членови на Редакцики Одбор за предстоечката меѓународна конференција 2018 година

На 09.10.2017 година во Извршната канцеларија на АДКОМ  се одржа првиот состанок на Редакцискиот одбор за конференцијата за вода и отпад која ќе се одржи во период од 24-26 Април 2018 година во Охрид – Хотел Метропол во организација на АДКОМ. Присутните членови на Редакцискиот Одбор го прифатија предлогот конференцијата да се организира преку шест панел сесии и тоа: една сесија за развој на капацитети за ЈКП, две сесии на тема за  вода , две сесии на тема  за отпад , една  сесија за активностите и работењето на Регулаторната комисија.

Присутните членови на Редакцискиот одбор на состанокот  дадоа свои предлози по основ на предлог теми за панел сесиите а предлозите за под темите за панел сесиите  ќе бидат доставени до 13.10.2017 год. до Стручната служба на АДКОМ  со цел започнување на  изготвување на првиот повик за трудови. Следниот состанок на членовите на редакцискиот одбор се закажа за 08.11.2017 година.

## 13.10.2017

## Педесетиседма седница на Координативниот комитет на Проектот за подобрување на општинските услуги – МСИП

Во просториите на Министерството за финансии на Р.Македонија  на 13.10.2017 година се одржа педесетиседмата седница на Координативниот комитет на Проектот за подобрување на општинските услуги – МСИП. На седницата од страна на присутните членови на координативниот комитет беа разгледани и усвоени следните ИПА Грантови со општините Ѓорче Петров, општина Ранковце, општина Куманово и општина Струга и договорите за грант од општина Виница и општина Петровец.  На седницата главниот координатор на проектот објасни дека како одговор на ИПА повикот објавен од страна на Министерството за финансии, Општина Ѓорче Петров достави проект за изградба на канализациона мрежа во  Волково и Црвена Јабука. На седницата на присутните им беше дадено објаснување за проектот за „Адаптација на ООУ "Јероним Де Рада" во с. Черкези кој  е еден од проектите со кои општина Куманово аплицираше на ИПА повикот објавен од страна на Министерството за финансии. Од страна на општина Ранковце биле доставени  три проекти како одговор на ИПА повикот и тоа Изградба на локален пат М2— Манастирска воденица— с.Одрено, Изградба на Улица 1 и Крак 1 (погон Карпош-Крајчина Маала) во с. Ранковце и Канализациона мрежа за н.м. Љубинци. Општина Гостивар достави три проекти како одговор на ИПА повикот и тоа Изградба на локален пат во с. Падалиште, Изградба на локален пат во с. Трново и Реконструкција и проширување на локален пат во село Тумчевиште. Главниот координатор на проектот објасни пред присутните дека  општина Струга е првата општина која ќе потпише договор

за ИПА грант кој се однесува на проект за канализација. Општина Виница по успешното завршување на проектот финансиран со кредит и исполнување на 4 од 7 услови за добивање на грант за успешност, аплицираше за користење на грант средства со проектот за Набавка на ровокопач. Овој проект предвидува набавка на специјално возило ровокопач за потребите на ЈКП „Солидарност" од Виница. Во општина Петровец по успешното завршување на проектот финансиран со кредит и исполнување на условите за добивање на грант за успешност аплицираше за користење на грант средства со проектот за Изградба на тротоари на дел од трасата по должина на регионалниот пат Р-1102 и тоа делот кој ги поврзува селата Петровец и Ржаничино. Членовите на Координативниот комитет на МСИП проектот немаа забелешки во однос на апликациите за ИПА грантовите како и за договорите за грантови и истите едногласно беа усвоени.

## 17.10.2017

## Заеднички работен состанок на АДКОМ со претставници од ГИЗ ОРФ и ЗЕЛС

Во канцелариите на ЗЕЛС на 17.10.2017 година беше одржан работен состанок на покана на претставници од ГИЗ ОРФ во Скопје. На состанокот присуствуваа Г-дин Спасовски – Претседател на АДКОМ , претставници од ЗЕЛС, НАЛАС, и Аквасан. Целта на одржување на овој состанок беше претставување и запознавање на присутните со активностите на ГИЗ ОРФ со проектот „Регионална мрежа за развој на капацитети за водоснабдување и канализација (RCDN)", кој ќе биде поддржан од GIZ и SECO за наредниот период. На состанокот пред присутните Г-дин Донев- Менаџер на проектот ги престави активностите и одговорностите кои се дел од спроведувањето на проектот : Оперативниот план за 2018 год на проектот, улогата на членовите во рамките на советодавниот одбор на проектот и проектните задачи за главните точки на проектот (ToR). За понатамошните активности кои ќе бидат превземени од страна на учесниците во проектот ќе биде дискутирано на состанокот кој е закажан за 09.11.2018 година во Белград.

## 19-20.10.2017

## Дводневна обука – Претприемачки менаџмент

Во организација на проектот „ Реформи во системот на водоснабдување,собирање и прочистување на урбаните отпадни води на локално ниво – Ептиса и партнерите во конзорциум СЕТЕК и ГЕИНГ„ од 19 до 20.10.2017 година организираа и одржаа дводневна обука за ЈКП на тема Предприемачки менаџмент. Целта на обуката беше унапредување на капацитетите во јавните комунални претпријатија за развивање претприемачки стил на управување. Концептот на претприемачки менаџмент беше претставен пред учесниците на обуката од страна на консултантите на проектот и истиот ќе биде практично применлив во сегашните и идните активности на ЈКП. Обуката беше фокусирана на практично примениливите примери во врска со организација и раководење со ЈКП, информацискиот менаџмент, бизнис планирањето, утврдувањето на тарифите, оперативното управување, воведувањето на трошковни и профитни центри во сметководството, како и системот за работни налози.

## 24.25 и 26.10.2017

## Работилници во организација на проектот за Реформа во сектор води на централни ниво

Проектот за Реформа во сектор води на централно ниво во соработка со Државниот Инспекторат за Животна Средина организираа три работилници во Скопје на 24,25 и 26.10.2017 год во Сити Хол – Скопје. Целта на организирање на обуките насловени како „Обуки за имплементирање и спроведување на Законот за утврдување цени за водни услуги и примена на технички алатки во селектираните ЈКП и Општини" беше поддршка на селектираните ЈКП и Општините при имплементирање и спроведување на „Законот за утврдување на цени за водни услуги". На обуките Државниот Инспекторат за Животна Средина пред присутните ја презентираше својата работа како овластено тело за спроведување на законодавството за води, особено својата улога во Законот за утврдување цени за водни услуги. На обуките беа претставени и алатките за имплементирање на Законот за утврдување цени за водни услуги започнувајќи со преглед на постигнатите резултати и на Бизнис Плановите согласно методологијата на Регулаторна Комисија за Енергетика за утврдување тарифа за водни услуги.

## 31.10.2017

## Скопје Состанок на Комисија за контрола и обработка на вода

Членовите на Комисијата за контрола и обработка за вода на АДКОМ одржаа состанок на 31.10.2017 година во просториите на Извршната канцеларија на АДКОМ. Присутните членови на комисијата на состанокот согласно програмата за работа на комисијата за 2017 -2018 година ги предложија следните обуки : Искуства од употреба на нови класи на спектофотометрија или други нови методи, практична примена на преработка на водата,технолошки можности за намалување на органските материи во водата ,анализи за разградување на органските материи со примена на методот на УВ зрачење или други методи и еколошка прифатливост и ефикасност во современите постапки при обработка на водата. Во делот на организирање на обуките Извршната канцеларија на АДКОМ ќе контактира со лица од Технолошкиот факултет во Скопје и Центарот за јавно здравје на Р.Македонија. За следниот состанок на Комисијата за контрола и обработка на вода ќе бидат поканети и вработени во МЖСПП кои се овластени да дадат објаснувања и насоки во делот на инспектирање и давање на А еколошки дозволи.

# ФОТО ГАЛЕРИЈА




























**03.11.2017**

## Шеста седница на Управниот одбор на проектот за Реформи на секторот води на централно ниво

Во просториите на НИРАС на 03.11.2017 година се одржа шестата и последна седница на Управниот Одбор на проектот— Реформи на секторот води на централно ниво— НИРАС . Како член на У.О на проектот присуствуваше Претседателот на АДКОМ Г-дин Спасовски. На состанокот од страна на тим лидерот Г-дин Волф на присутните им беа презентирани извештаите за работењето на проектот каде се вклучени техничкиот извештај, извештајот за проценка, студијата на случај за МЈП Проаква од Охрид и писмо со препораки за модернизација и дигитализација на одредени ЈКП. Пред членовите на У.О на проектот беше презентиран и крајниот извештај за работата на проектот— Реформи на секторот води на централно ниво. Членовите на У.О на проектот по презентација на документите од страна на тим лидерот Г-дин Волф истите ги усвоија без забелешки.

**03.11.2017**

## Завршна конференција Проектот- Реформи на секторот води на централно ниво

Во организација на проектот Реформа на секторот води на центрлно ниво во Скопје на 03.11.2017 година во Холидеј ин се одржа завршната конференција на проектот. На настанот беа поканети и учествуваа претставници од ЈКП кои беа дел од овој проект на кои им беа изготвени бизнис плановите од страна на ангажираните консултанти. На завршната конференција свое обраќање пред присутните имаше претставникот од Делегацијата на Европската унија Г-ѓа Вимпари која истакна дека и во иднина Делегацијата на ЕУ во Р.М ќе продолжи со поддршка на проекти кои со својата работа во одредени сегменти вршат унапредување и развој на секторот води во државата. Воведни обраќања на настанот имаа Г-ѓа Иванова раководител на сектор за ЕУ од МЖСПП и Претседателот на Регулаторната комисијата за енергетика Г-дин Петров.Од страна на г-дин Волф тим лидер на проектот Реформи на секторот води на централно ниво, пред присутните беа наведени сите активности за времетраење на имплементација на проектот а консултантот Г-дин Поповски дискутираше во делот на поддршката при креирање на плановите за тарифното прилагодување и изготвувањата на бизнис плановите за осумнаесет ЈКП кои беа дел од проектот.

## 07.11.2017

## Завршна конференција на АДКОМ и проект – Реформи во системот на водоснабдување, собирање и прочистување на урбаните отпадни води на локално ниво

АДКОМ во соработка со Проектот за Реформи во системот на водоснабдување, собирање и прочистување на урбаните отпадни води на локално ниво предводен од ЕПТИСА и партнерите во конзорциум СЕТЕК и ГЕИНГ , Делегацијата на Европската Унија, Министерството за финансии (ЦФСД) и Министерство за животна средина и просторно планирање организираа еднодневна конференција на тема: Национален систем за мониторинг на изведба и бенчмаркинг за водните услуги (Danubis – DCM). Целта на организирање и одржување на оваа конференција беше презентирање на статусот на порталите www.danubis-dcm.org и www.danubis.org , постигнатите резултати во 2017 година а пред се важноста добриот квалитет на податоците, нивното користење за потребите на регулаторните процеси во Р.М како и за националниот и регионалниот бенчмаркинг. Воедно конференцијата беше и завршен настан на проектот Реформи во системот на водоснабдување, собирање и прочистување на урбаните отпадни води на локално ниво финансиран од ЕУ. На завршната конференција свои обраќања имаа Г-дин Спасовски Претседател на АДКОМ кој пред присутните ја истакна добрата соработка помеѓу АДКОМ, Г-дин Санен тим лидер на проектот ги презентираше резултатите од самиот проект во кој беа вклучени дванаесет ЈКП и Г-ѓа Стојановска Извршен Директор на АДКОМ која пред присутните ги представи заедничките активности кои АДКОМ ги реализираше во соработка со проектот. На завршниот настан од страна на консултантите Г-дин Вртески и Г-дин Димитров беа споделени активностите од процесот на мониторинг на перформансите во рамките на имплементација на самиот проект. На конференцијата пред присутните Г-дин Санен го презентираше и официјално го предаде прирачникот за ЈКП кои обезбедуваат услуги за вода во Р.М на Претседателот на АДКОМ Г-дин Спасовски и Извршниот Директор Г-ѓа Стојановска.

## 08.11.2017

## Триесетишеста Седница на Управниот одбор на АДКОМ

Триесетишестата седница на Управниот Одбор на АДКОМ се одржа на 08.11.2017 година во Скопје во просториите на Извршната канцеларија на АДКОМ. Единствена точка на дневен ред беше избор на Претседател на Управниот Одбор на АДКОМ заради поднесување на оставка од страна на досегашниот Претседател Г-дин Игор Спасовски. Членовите на Управниот Одбор на АДКОМ по поднесената оставка од досегашниот Претседател едногласно го избраа Г-дин Зоран Горгиев Директор на ЈКПД Комуналец од Струмица за Претседател на АДКОМ за период 2018-2022 година.

## 09.11.2017

## Состанок на Комисија за правни работи на АДКОМ

Членовите на правната комисија на АДКОМ на 09.11.2017 година одржаа состанок на кој согласно дневниот ред дискутираа по основ на предлог измените на Законот за извршување, работеа на изготвување на предлог измени на Законот за јавни претпријатија и разговараа по однос на предлог теми за организирање на следни обуки и работилници. Членовите на правната комисија на АДКОМ по однос на предлог измени на Законот за извршување изготвија допис кој ги вклучува забелешките и предлог измените и истиот од страна на стручната служба на АДКОМ беше испратен до Владата на Р.М и Министерството за правда на Р.Македонија По основ на дискусијата која членовите на правната служба ја имаа во делот на изготвување на измени на Законот за јавни претпријатија присутните донесоа заклучок дека по однос на оваа точка ќе треба да биде организиран дополнителен состанок на кој покрај членовите на комисијата за правни работи на АДКОМ ќе бидат поканети и вклучени и други правни лица од останатитед ЈКП.

## 13.11.2017

## Завршен Управен одбор на проектот Реформи во системот на водоснабдување, собирање и прочистување на урбаните отпадни води на локално ниво – ЕПТИСА и партнерите во конзорциум СЕТЕК и ГЕИНГ

Во просториите на ЕПТИСА на 13.11.2017 година се одржа последниот состанок на членовите на У.О на проектот Реформи во системот на водоснабдување, собирање и прочистување на урбаните отпадни води на локално ниво. На состанокот од страна на АДКОМ присуствуваше Г-ѓа Карамиха – Петрушева. Пред присутните членови на У.О на проектот Г-дин Санен Тим на кратко го презентираше завршниот извештај за работењето на проектот кој ги вклучува: проценката на потребите за ЈКП, анализата изготвена за реорганизација на водниот сектор во Р.М, на кратко ги претстави изготвените бизнис планови , плановите за прилагодување на тарифи и монторинг на перформансите и бенчмаркингот. По излагањето на Г-дин Санен присутните членови на управниот одбор на проектот без забелешки го усвоија крајниот извештај за работењето на проектот Реформи во системот на водоснабдување, собирање и прочистување на урбаните отпадни води на локално ниво—ЕПТИСА и партнерите во конзорциум СЕТЕК и ГЕИНГ .

## 14.11.2017

## Завршна работилница на проектот—Подготовка на потребни документи за воспоставување на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Пелагониски, Југозападен , Вардарски и Скопски регион

Во организација на Enviroplan на 14.11.2017 година во Скопје— хотел Мериот беше организирана завршна работилница на проектот Подготовка на потребни документи за воспоставување на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Пелагониски, Југозападен , Вардарски и Скопски регион имплементиран од страна на конзорциумот предводен од Enviroplan , Louis Berger и Epem. Целта на организирање на оваа завршна работилница беше презентирање на имплементираните задачи и резултати постигнати од страна на консултантите ангажирани на проектот. Како претставик од Делегацијата на Е.У поздравен говор одржа Г-ѓа Вимпари подржувајќи ги реализираните активности на самиот преокт. Г-дин Цомпанидис тим лидерот на проектот на кратко ги презентираше поглавните проектни активности : регионалните планови за управување со отпад, физибилити студии, анализи на трошоци , студии за оцена на влијание врз животната средина. Присутните на овој настан најголем интерес покажаа во делот на изготвените основни проекти и пресметки на трошоците за затварање на нестандардните депонии и дивите депонии како и изградба на избрани инсталации за третман и отстранување на отпад. Во проектот кој траеше 24 месеци, беа вклучени 43 општини од четирите плански региони, во кои живеат приближно 1.200.000 жители и кои моментално годишно произведуваат приближно 330.000 тони отпад. Изработената планска документација од страна на консултантите на проектот е основа за обезбедување на финансиски средства потребни за воспоставување на системот, а во меѓувреме ќе следат интензивни активности за затварање на дивите сметишта, како и изградба на објекти за соодветно складирање и претовар на отпадот.

## 15ти 16ти 20 ти и 21ви- 11.2017 год.

## Подготвителни Седници на регулаторната комисија за енергетика на Р.М за утврдување на тарифите за снабдување со вода за пиење

Со донесување на Законот за утврдување на цени на водните услуги и измените во Законот за енергетика на Регулаторната комисија за енергетика и беше определена уште една надлежност во доменот на регулирање на цените на водните услуги, односно утврдување на тарифите за снабдувањето со сурова вода и вода за пиење, собирање и одведување на отпадни води и пречистување на отпадни води. Проширувањето на надлежностите на Регулаторната комисија за енергетика се со цел да се воспостави ефикасен систем на определување на цените на водните услуги. Со цел да се добие квалитетна услуга, формирани се тарифи кои во иднина ќе ги одразуваат оправданите трошоци на работењето на водостопанствата и Јавните комунални претпријатија, со цел да се овозможи квалитетно одржливо користење на водната инфраструктура. Од страна на Регулаторната комисија за енергетика на Р.М во текот на месец Ноември беа организирани осум подготвителни седници кои беа водени од претседателот на РКЕ Г-дин Петров на кои поединечно беа разгледувани донесените решенија за утврдување на тарифите за снабдување со вода за пиење и водоснабдување за секое ЈКП кои доставиле документација согласно законските обврски за утврдување на тарифа. На подготвителните седници покрај членови од РКЕ беа поканети и присуствуваа претставниците од ЈКП, претставници од АДКОМ , претставник од Кабинетот на заменик претседателот на Владата на Р.М задолжен за економски прашања, Градоначалници, претставник од ЗЕЛС и други. При определувањето на цените на водните услуги, од страна на РКЕ земено е во предвид водните услуги да се финансиски достапни до населението, а при тоа да се обезбедат квалитетни услуги со најниски можни трошоци.

## 21-22.11.2017

## Годишна конференција на МаСВА—Македонска асоцијација за управување со отпад

На тема „ Вмрежување на Македонија во светските трендови за управување со цврстиот отпад“ се одржа дводневна конференција на 21 и 22.11.2017 година во организација на Македонска асоцијација за управување со отпад (МаСВА) во Скопје Хотел Холидеј Ин Конференцијата ја отвори и присутните учесници беа поздравени од Директорот на МаСВА Г-ѓа Нелепа. На присутните им се обрати в.д директорот на Управата за животна средина Г-ѓа Зефиќ која истакна дека решавањето на проблемите со еколошки несоодветното одлагање на отпадот на општинските нестандардни депонии, кои треба итно да се затворат, или технички да се надградат до стандардите утврдени со закон, преку воспоставување на систем за селекција на отпадот и конечно зајакнување на секторот за третман и преработка на отпадот се задачате кои што претстојат во правец на решавање на состојбите со управувањето со отпадот. На конференцијата консултантите од твининг-проектот финансиран од ЕУ за управување со отпад ги претставија актуелните состојби со управувањето со отпадот во државата, домашните компании, но и експертите и здруженијата кои работат во оваа област. Меѓу другото беа разгледувани и можностите за искористување на достапните фондови на ЕУ. На конференцијата се обратија и Министерот без ресор задолжен за инвестиции д-р Шапуриќ, како и раководителот за соработка во Делегацијата на ЕУ во Скопје, Г-дин Бертолини. Во текот на вториот конференциски ден МаСВА со соработка со Проектот за управување со отпад пред присутните ги претставија преку две сесии на презентации новите интерактивни технологии, одговорност на производителите и спречување на создавање на отпад и отворена технологија за интерактивна презентација на активностите.

**05.12.2017**

## Објавен повик за евидентирање на експерти во базата на АДКОМ

Поради реализација и остварување на својата визија АДКОМ да биде посакуван партнер на сите чинители во областа на комуналните услуги во Р.Македонија и да претставува извор на знаење и искуство за ЈКП со Одлука на Управниот Одбор АДКОМ објави повик за евидентирање на експерти од комуналната дејност во базата на АДКОМ. Целта на објавување на овој повик е во функција на воспоставување на Центарот на знаење на АДКОМ кој ќе биде формиран на почетокот на следната година со грант средства од Меѓународната асоцијација на водоснабдителни компании од Дунавскиот регион – IAWD , за различни области значајни за работата на јавните претпријатија за комунални дејности.

**06.12.2017**

## Работен состанок на АДКОМ со претставници од IAWD— Меѓународната асоцијација на водоснабдителни компании од Дунавскиот регион

Во просториите на Извршната канцеларија на АДКОМ на 06.12.2017 година се одржа работен состанок на кој присуствуваа претставници од Меѓународната асоцијација на водоснабдителни компании од Дунавскиот регион – IAWD Г-дин Велер и Г-ѓа Волф и претставници од АДКОМ предводени од Претседателот на Управниот Одбор Г-дин Горгиев, Г-дин Христорв директор на ЈКП солидарност Виница, Г-дин Спасовски ЈКП Солидарност Виница , консултантот на АДКОМ Г-дин Вртески и вработените од АДКОМ.

Целта на организирање на оваа работна средба беше презентирање на активностите кои АДКОМ ги спроведува во соработка со IAWD меѓу кои како позначајни се : формирање на тренинг центар на АДКОМ, статусот на порталите www.danubis-dcm.org и www.danubis.org и др. На работната средба беше дефинирана и временската рамка на активности за 2018 година со јасни задачи , одговорности и цели кои АДКОМ ќе ги спроведува со поддршка од IAWD .

**14.12.2017**

## Работна средба на Генералните Директори на ЈКП со Претседателот на Владата на Р.Македонија Г-дин Заев

На 14.12.2017 година во Скопје – Хотел Холидеј Ин АДКОМ организираше работна средба на која беа поканети и присуствуваа Генералните Директори на ЈКП од државата со Претседателот на Владата на Р. Македонија Г-дин Заев. На работната средба Претседателот на Владата на Република Македонија Г-дин Заев беше запознаен и разговараше со присутните за многубројните проблеми со кои се соочуваат јавните комунални претпријатија. Премиерот Заев ја акцентираше подготвеноста на Владата на Република Македонија заедно со општините да ги решава напластените проблеми во ЈКП ,во интерес на граѓаните и подобро функционирање на претпријатијата. На работната средба од страна на Премиерот Заев беше истакната спремноста за зголемувањето на финансиската помош од страна на Владата, како еден механизам, преку слевање на повеќе пари, да се решат одредени проблеми околу функционирањето на претпријатијата на локално ниво. На работната средба од страна на присутните беа наведени проблемите со кои се соочуваат ЈКП во тековното работење: големите давачки кон УЈП по основ на стари или тековни обврски за ДДВ и ДД, проблемот со редовното плаќање на обврските кон ПИОМ и ФЗО, проблемот во делот на спроведување на Законот за јавни набавки и наплата на долговите од социјално загрозените семејства и други актуелни проблеми. Пред присутните Извршниот Директор на АДКОМ Г-ѓа Стојановска истакна дека до Владата на Р.Македонија ќе биде изготвен допис во кој ќе бидат наведени сите заклучоци од одржаната средба и воедно сите предлог решенија за надминување на истите. Премиерот Заев ги информираше присутните дека буџетот е проектиран за да овозможи финансиска и економска стабилизација на државата и изрази силни уверувања дека Владата е определена да ја јакне локалната самоуправа што ќе го доближи одлучувањето до граѓаните, а и позитивно ќе се отслика на работењето на комуналните претпријатија

**20.12.2017**

## Објавен повик за трудови за Меѓунарона конференција на тема „Води и отпад-реалност и предизвици"-24-26.04.2018

АДКОМ- Здружение на даватели на комунални услуги на Р.Македонија, објави повик за сите заинтересирани страни дека организира 10-та Меѓународна конференција на тема **„Води и отпад— реалност и предизвици".** Конференцијата ќе се одржи во Охрид- Хотел Метропол во период од 24–26 Април 2018 година. Примарната цел на оваа меѓународната конференција е преку приложените трудови да се дојде до одговор на тоа каде се наоѓаат јавните комунални претпријатија во РМ. при нивниот развој, до кое ниво е нивното давање на услугите кон граѓаните и секако задоволството на граѓаните како корисници. Конференцијата ќе биде извонредна можност за сите лицата кои работат на проблематиката во водоснабдување и собирање на отпад, да ги осознаат најдобрите практики како и да добијат сеопфатен преглед на последната генерација на опрема, најнови технологии и методи за намалување на загубите на води и надгледување и управување со системите за водоснабдување и канализација, собирање депонирање и селектирање на отпадот.

## 21.12.2017

## Работилница – Законска регулатива во делот на води и отпад – начин на нивно спроведување и обврски на ЈКП

АДКОМ во соработка со МЖСПП и Државниот инспекторат за животна средина организираа еднодневна работилница на тема: Законска регулатива во делот на води и отпад – начин на нивно спроведување и обврски на ЈКП на која беа поканети и учествуваа вработени во ЈКП.

Целта на организирање на еднодневната работилница беше информирање на вработените од ЈКП за Законодавството во делот на води и отпад, одредени измени во Законите, спроведување на законодавството во областа на животната средина и надлежности согласно одредени закони во делот на надзор, обврски и права на Државниот инспекторат за животна средина, начин на инспекторирање од страна на водостопанскиот инспектор и права и обврските на ЈКП.

На работилницата пред присутните свое воведно обраќање имаше Директорот на Државниот инспекорат за животна средина Г-дин Богдановски истакнувајќи дека главна цел е успешно спроведување на Законот за утврдување на цени на водните услуги. Државниот инспекторат е задолжен за надзор на 75 претпријатија и во претстојниот период инспекторите на терен ќе бидат отворени за соработка со цел минимизирање на законските повреди, како и подобрување на услугите кон граѓаните.

Г-ѓа Каранфилова Мазневска, Раководител на сектор за управување со отпад во МЖСПП, ги информираше учесниците во врска со веќе започнатото интегрирано регионално управување со отпадот, за воспоставените 8 Меѓуопштински одбори за управување со отпад и за 2-та регионални центри. Исто така во својата презентација Г-ѓа Каранфилова Мазневска, објасни за итегрирано регионално управување со отпадот во Скопски, Вардарски, Пелагониски и Југозападен плански регион и за донесените регионалните планови за управување со отпад, преку мерка 3.2 компонента 1 на ИПА во текот на 2016, но и за активностите кои се очекуваат да се финансираат преку ИПА 2 во 2018 година.

Подетално информирање во врска со структурата, улогата и надлежностите на Државниот инспекторат беше презентирано од страна на г-дин Блинков, Државен инспектор за животна средина. Г-дин Блинков додаде дека со цел овој закон да биде успешно имплементиран инспекторите можат да имаат најавени или ненајавни/ редовни и вондредни посети во ЈКП.

Статусот на водите, управувањето со водите како и водостопанските услуги во Македонија кои се регулирани со закон беа презентирани од страна на Г-дин Мирта, Раководител на секторот води во МЖСПП. Притоа се даде краток осверт во врска со „водните права", односно правата и обвските на правите и физичките лица при користење и испуштање на водите. Учесниците при оваа презентација беа информирани подетално врска со дозволите за користење и испуштањето на водите, обрасците и формуларите кои треба тие да ги користат при аплицирањето во МЖСПП.

Г-дин Блинков во своето второ излагање накратко објасни дека во делокругот на водостопанскиот инспектор од овој закон, истиот има право да изврши контрола и утврди дали давателот на водната услуга наплаќа од корисникот на водната услуга по тарифа за водна услуга и дали висината на тарифата е пресметана согласно со решението за утврдување на тарифата за водна услуга. Но исто така и да изврши контрола и утврди дали давателот на водни услуги подготвил и доставил барање и поднесоци за утврдување на тарифа за водна услуга.

Г-дин Богдановски повторно нагласи дека во престојниот период ЈКП од Инспекторатот ќе добијат поддршка со цел побезболно овој закон да биде спроведен, но исто така дека Инспекторатот им стои на располагање на ЈКП за било какви прашања и разрешувања на недоразбирања.

## 21.и 22.12.2017 год. Скопје

## Дводневна работилница на членови на Правната комисија на АДКОМ

АДКОМ на 21ви и 22ри 12. 2017 год. во Скопје—Хотел Континентал организираше дводневна работилница на тема: „Изготвување на Акционен план за законски пречки во работењето на ЈКП " На работилницата земаа учество членовите на правната комисија на АДКОМ и други правни лица вработени во ЈКП, а истите на оваа дводневна работилница работеа на изготвување на Акционен план за законски пречки во работењето на ЈКП, изготвување на иницијатива за измени на Законот за јавни претпријатија, Законот за гробишта и погребални услиги, Законот за комунални дејности и др.

Целта на оваа работилница , по одржаната работна средба на Генералните Директори на ЈКП со Премиерот на Р. Македонија, беше да се изготви допис до Владата на Р. Македонија во кој ќе бидат наведени проблемите со кои се соочуваат ЈКП со предлог конкретни мерки за решавање на истите.

## 26.12.2017 год. Скопје

## Триесетиседма седница на Управниот Одбор на АДКОМ

Триесетиседмата седница на Управниот Одбор на АДКОМ се одржа на 26.12.2017 година во Скопје – Хотел Солун. Членовите на Управниот и Надзорниот одбор на АДКОМ одржаа заедничка седница на која согласно дневниот ред присутните беа запознаени со институционалната поставеност на АДКОМ, начинот на работа и поставеноста на здружението, начинот на работа на комисиите во состав на АДКОМ, соработката со институциите кој АДКОМ ги има во тековното работење, организаирањето на меѓународни конференции на тема вода и отпад и др.

На оваа седница членовите на У.О и Н.О подетално беа запознаени со актуелните и идни активности кои АДКОМ ќе ги реализира во идниот период.

Воедно членовите на У.О и Н.О беа запознаени со изготвените дописи од страна на членовите на правната комисија на АДКОМ кои во име на сите ЈКП ќе бидат доставени до Владата на Р.Македонија согласно одржаната работна средба со Претседателот на Владата на Р.Македонија.

# ФОТО ГАЛЕРИЈА
























АДКОМ


City hall














АДКОМ
ЗДРУЖЕНИЕ
НА ДАВАТЕЛИ
НА КОМУНАЛН
УСЛУГИ
НА РЕП
МАКЕД


АДКОМ

dsgn: brigada.mk